## АКТИВНОСТ 1 (5 минути)

# Змии

(Оваа активност е од поглавјето "Communicating with Parents" на *"Get Wise"*.)

**Ученик/ученичка водител**: ________________________________

## Цели

- Да се воведе концептот на намалување на штетното дејство, како приод кон прашањата во врска со дрогата.
- Да се идентификуваат сличностите на стратегијата за спречување и стратегијата за намалување на штетното дејство.

## Упатства

- "Змии" е корисна воведна активност. Подготовките може да се намалат со тоа што учесниците едноставно ќе го читаат текстот зад весник или нешто слично, но учениците водители треба да бидат добро подготвени да ја спроведат активноста до крај, ако не повеќе тогаш барем со тоа што ќе вежбаат како да ја поттикнуваат и водат дискусијата.
- Проверете дали тие ги зеле предвид следните поенти за разликите меѓу сценариото со дрогата и сценариото со змијата.

Главните *разлики* меѓу двете сценарија се:

- луѓето не одбираат да ги касне змија
- постојат многу причини, меѓу кои и позитивни, за употребата на дрога
- само некои луѓе одбираат да користат нелегални дроги
- употребата на дрога е многу почеста од змиите.

Двете сценарија се *слични* во тоа што:

- во двата случаја е пожелно луѓето да преземат мерки за спречување на штетното дејство
- луѓето се во многу подобра ситуација кога се свесни за опасностите што ги носат двете ситуации
- кога располагаат со знаење, луѓето може да преземат мерки да се заштитат.

## Опис на активноста

За оваа активност се потребни две лица од кои секое чита едно од сценаријата, а водителот на крај дава неколку поенти. За активноста не е потребен вовед.

**Сценарио 1**

| ЛИКОВИ | ГИ ИГРААТ |
|---|---|
| Таткото | |
| Мајката | |

ТАТКОТО: Многу сум загрижен за децата. Овде има многу змии.
МАЈКАТА: Не доаѓа предвид да се селиме. Ти си секогаш загрижен поради нешто.
ТАТКОТО: Можеби треба да ги држиме внатре преку лето.

**АКТИВНОСТ 1 (5 минути)**

МАЈКАТА: Ќе не полудат. Како и да е, тие треба да одат пеш до автобусот секој ден. Ќе ја искосам тревата во дворот.
ТАТКОТО: Не мислиш ли дека на децата треба да им зборуваме за змиите, да им кажеме некои страшни прикаски?
МАЈКАТА: Не, Пеце тогаш ќе почне да ги бара.
ТАТКОТО: Ама јас слушнав за едно двегодишно дете што фати змија затоа што му изгледаше убава, а таа го касна.
МАЈКАТА: Па, мислам дека треба да знаат што да прават ако наидат на змија. Во школо сигурно ги учат за тоа.
ТАТКОТО: Таму можеби ги учат, ама тоа е наш проблем. Може да земеме некоја книга или видео-лента за прва помош од библиотеката и да им покажеме што да прават ако ги касне.
МАЈКАТА: Да, подобро да се осигураме дека знаат како да се заштитат.

**Сценарио 2**

| ЛИКОВИ | УЛОГИТЕ ГИ ИГРААТ |
|---|---|
| Таткото | |
| Мајката | |

ТАТКОТО: Многу сум загрижен за децата. Овде има многу дрога.
МАЈКАТА: Не можат да го одбегнат тоа. Ти секогаш си загрижен поради нешто.
ТАТКОТО: Можеби треба да ги држиме внатре преку лето.
МАЈКАТА: Ќе не полудат. Како и да е, тие треба да одат пеш до автобусот секој ден.
ТАТКОТО: Не мислиш ли дека треба да им зборуваме на децата за дрогата, да им кажеме некои страшни прикаски?
МАЈКАТА: Не, Пеце тогаш ќе почне да ги бара.
ТАТКОТО: Ама јас слушнав за едно десетгодишно дете што зеде таблети што некој му ги даде.
МАЈКАТА: Па, мислам дека треба да знаат што да прават ако наидат на нив. Во школо сигурно ги учат за тоа.
ТАТКОТО: Таму може ги учат, ама тоа е наш проблем. Може да земеме некоја книга или видео-лента од библиотеката и да им покажеме што да прават ако некој им понуди дрога.
МАЈКАТА: Да, подобро да се осигураме да знаат како да се заштитат.

## Коментар на ученикот/ученичката водител

Резимирај ја дискусијата со тоа што ќе речеш дека змиите и дрогата се очигледно две различни опасности. Луѓето не одбираат дали ќе ги касне змија, но главната порака во случајов е дека информациите и комуникацијата се значајни во спречувањето на штетното дејство од каснувањето на змија и користењето на дрога.

**АКТИВНОСТ 2 (15 минути)**

# Активност "Се согласувам или не се согласувам"

**Ученик/ученичка водител**: ____________________________

## Цели

- Истакнување на разликите во поглед на вредностите и однесувањето на членовите на групата.
- Охрабрување на учениците да размислуваат за сопственото однесување и вредности.

## Упатства

- За оваа активност е потребен водител кој е способен да го одржува текот на дискусијата и да спречи мал број учесници да доминираат со неа.
- Постои можност за време на оваа активност некој ученик/ученичка или родител да изнесе неточен став или тврдење. Персоналот може да треба да го/ја поддржи ученикот/ученичката водител во справувањето со тоа.
- Обезбедете учениците да ги имаат земено предвид следните поенти:
  - ставовите се двосмислени, па е во ред луѓето да ги толкуваат на различни начини.
  - нема правилен или погрешен одговор за кој и да е став.
  - учесниците се слободни да го сменат мислењето и да преминат кон друг натпис откако ќе го ислушаат определениот претставник на секоја група.

## Опис на активноста

Обезбедете три натписи ("се согласувам", "не се согласувам" и "не можам да се определам"), дајте им ги на три члена на водителскиот тим и побарајте од нив да отидат на одредени места во собата. Ако работите со голем број луѓе, може да додадете и натписи "целосно се согласувам" и "целосно не прифаќам", за уште повеќе да се прошири групата. Одберете три или четири става. Оние наведени во листата успешно беа користени во минатото. Откако ставот е прочитан и за него е продискутирано, учениците со знаковите се одговорни нивната група да одбере еден претставник кој ќе се обрати на поголемата група. Испишувањето на ставот на задната страна на знакот ќе им помогне на учениците во работата со групата.

## Можен вовед

Оваа активност се вика "Се согласувам или не се согласувам" и таа ќе бара од вас да се движите низ собата и за вашето гледиште да разговарате со другите. Имаме три лица од кои секое држи по еден натпис на кој пишува "се согласувам", "не се согласувам" и "не можам да се определам". Јас ќе прочитам едно гледиште околу дрогата, а вие отидете кај знакот кој најдобро го претставува вашето гледиште или мислење. Потоа водачот на групата ќе побара од сите вас да дискутирате за вашите причини што го одбравте тој натпис како одговор на гледиштето. Секоја група ќе одбере по еден претставник кој главните коментари ќе ги изнесе пред сите нас. Гледиштата не мора да имаат правилен или погрешен одговор и може да бидат толкувани на различни начини. Важно е вашето толкување. Мора да ве потсетам дека ова не е дебата. Првото гледиште е...

## Активност 2 (15 минути)

Одберете три или четири гледишта. Наведениве успешно беа користени во минатото.

**1. Алкохолот е полош од дрогите како што се екстази или хероинот.**

**2. За момчињата е порискантно да се испијанат одошто за девојките.**

**3. Родителите имаат најголемо влијание врз младите.**

**4. Образованието за алкохолот и дрогата е одговорност на родителите.**

**5. Најголемиот дел информации за дрогата младите ги добиваат од пријателите, телевизијата и од други средства за јавно информирање.**

**6. Образованието има малку влијание врз младите кога почнуваат да пушат цигари.**

**7. Мнозинството тинејџери донесуваат разумни решенија во поглед на дрогата.**

**АКТИВНОСТ 3 (20 минути)**

# Полемика 1: Големиот настан

**Ученик/ученичка водител: ________________________**

Ова е пример на полемика. Ако сакате, може да подготвите ваши ставови и личности.

## Цел

- Водење дискусија и детално разгледување на прашањето на пушењето на јавни места.

## Упатства

- Оваа активност подобро функционира ако учениците претходно одржат неколку проби. Тоа е активност што може да се одржи за време на состаноци на персоналот, зашто опфаќа учество на публиката.
- Неопходно е на сите - и на членовите на комисијата и на публиката - да им е јасно дека глумат, па затоа е важно учениците да ги играат своите улоги, а публиката да поставува прашања што ги оспоруваат мислењата на ликовите.
- Може да поделите некои од прашањата што се однапред подготвени заради започнување на процесот или може имињата на ликовите да ги дадете на мали групи луѓе и да побарате од нив да подготват сопствени прашања. Последново ја поттикнува и комуникацијата меѓу присутните во публиката.
- Поттикнете ги учениците во комисијата да си помагаат еден на друг ако некој добие тешко прашање. Еден начин тоа да се олесни е да се има неколку однапред подготвени одговори.
- Секогаш е корисно да се носи најмалку една реквизита.

## Опис на активноста

Ученикот водител ја чита темата на полемиката, а потоа:

- претставува секој член на комисијата
- ги повикува накусо да зборуваат за себеси и да ги искажат своите мислења за пушењето
- го води процесот на поставување прашања:
  - ја повикува публиката да им поставува прашања на членовите на комисијата
  - ја потсетува публиката дека таа исто така глуми и дека треба да поставува прашања кои ги оспоруваат мислењата на ликовите
  - ја поттикнува публиката, ако треба, или и дава картички со прашања.

## АКТИВНОСТ 3 (20 минути)

## Можен вовед

Оваа активност се вика "Полемика" и во неа учествуваат извесен број членови на една комисија, кои изнесуваат свои мислења за пушењето. Од публиката ќе биде побарано да поставува прашања кои ги оспоруваат мислењата на ликовите во комисијата. Претпоставената ситуација е дека некој голем спортски натпревар се организира во _____________(внесете го името на локалното игралиште). На полувреме ќе има забавна програма, меѓу другото и модна ревија на која манекенки ќе прикажуваат најнови модели. Натпреварот ќе биде на отворено. Постојат спротивставени мислења дали организаторите треба да го дозволат пушењето. За да донесат решение, тие сакаат да ги слушнат мислењата на јавноста, па затоа поканија една комисија во која се застапени различни профили луѓе, за да поведе дебата околу тоа прашање.

**Директор на тутунска компанија**
(Диме Тутунаров)

**Директор на тутунска компанија:** Јас мислам дека нема сигурни докази дека пушењето е штетно за здравјето. Тоа е легално и обезбедува работа за илјадници луѓе кои инаку би гладувале. Јас не ги терам луѓето да пушат, тоа е нивен избор.

**Спортски тренер**
(Стојна Челиковска или Стојко Челиковски)

**Спортски тренер:** Јас мислам дека луѓето што не пушат, имаат подобра физичка кондиција од оние што пушат, затоа што пушењето го намалува капацитетот на белите дробови. Ако сакате да постигнете врвни спортски резултати - не пушете!

**Непушач**
(Мара, 55 години)

**Непушач:** Јас страдам од астма, а токму пушењето предизвикува астма. Јас мислам дека пушењето треба да се забрани со закон, зашто од пасивното пушење ми свири во градите. Пушачите се многу саможиви!

**Доктор**
(Др Здравка Лековска/Др Румен Дренковски)

**Доктор:** Јас мислам, всушност јас знам дека пушењето е главната причина за смртни случаи поврзани со дрогата. Пушењето предизвикува рак на белите дробови, а пасивното пушење исто така предизвикува заболувања. Пушењето не само што убива, туку и му наштетува на здравјето на многу луѓе. Пушењето треба се забрани.

## АКТИВНОСТ 3 (20 минути)

| **Млад пушач**<br>(Сандра Зеленова/Роберт Чадиковски, 15 години) |
|---|

**Млад пушач:** Гледај ваму, јас пушам, океј, и тоа е мој избор. Пушењето ми се допаѓа, тоа е забавно и целото мое друштво пуши. Тоа е добар изговор да се собираме и јас може да престанам кога сакам, јас не сум зависник.

| **Пушач**<br>(Софре, 85 години) |
|---|

**Пушач:** Јас пушам секој ден по една кутија цигарчиња уште од моите 12 години и не сум бил болен ниту еден ден во животот. Јас сум жив доказ дека пушењето е арно и оти тоа што луѓето го зборат е глупост! Пушењето ми ги смирува нервите и ми помага да се опуштам.

| **Финансиски советник**<br>(Пара Дукатовска/Алтан Дукатовски) |
|---|

**Финансиски советник:** Јас мислам дека пушењето цигари е скапо и е фрлање пари. Три кутии неделно чинат $30, или $1.500 годишно. За некој како Софре, тоа се $120.000 во текот на животот, што би му обезбедило многу комфорно сместување во некој пензионерски дом.

| **Агент за манекени**<br>(Убавка) |
|---|

**Агент за манекени:** Не ми пречи што манекенките пушат, зашто тоа ги спречува премногу да јадат, а јас сакам моите манекенки да се потенки. (Нели сите го сакаме тоа?) Секако, јас не им дозволувам да пушат додека се на модната писта, но зад сцената нема проблеми. Тоа им помага да ги смират нервите.

| **Советник на QUIT**<br>(Цврстко Решовски) |
|---|

**Советник на QUIT:** Јас мислам дека пушењето е ужасна навика. Тоа не е здраво и ја чини заедницата огромни суми пари. Пушењето треба да биде забрането. Бојата работа е да им помагам на луѓето да се откажат од пушењето.

## Коментар на ученикот/ученичката водител

| Речи дека ова беше корисна дискусија и заблагодари се на публиката за нејзините провокативни прашања до членовите на комисијата. Заврши со тоа што ќе речеш дека комисијата сега ќе продолжи да го разгледува прашањето и ќе донесе решение дали да се пуши или не на предложениот спортски натпревар. |
|---|

# Диме Тутунаров

Јас мислам дека нема сигурни докази дека пушењето е штетно за здравјето. Тоа е легално и, уште повеќе, јас им обезбедувам работа на илјадници луѓе кои инаку би гладувале. Јас не ги терам луѓето да пушат, тоа е нивен избор.

(Mr Nick O’ Teen)

# Стојна Челиковска

Јас мислам дека луѓето што не пушат, имаат подобра физичка кондиција од оние што пушат, затоа што пушењето го намалува капацитетот на белите дробови. Ако сакате да постигнете врвни спортски резултати - не пушете!

(Ms. Verity Fit)

# Стојко Челиковски

Јас мислам дека луѓето што не пушат, имаат подобра физичка кондиција од оние што пушат, затоа што пушењето го намалува капацитетот на белите дробови. Ако сакате да постигнете врвни спортски резултати - не пушете!

(Mr. Barry Fit)

# Мара, 55 години

Јас страдам од астма, а токму пушењето предизвикува астма. Јас мислам дека пушењето треба да се прогласи за нелегална активност, зашто од пасивното пушење ми свири во градите. Пушачите се многу саможиви!

(Mildred aged 55)

# Др Здравка Лековска

Јас мислам, всушност јас знам дека пушењето е главната причина за смртни случаи поврзани со дрогата. Пушењето предизвикува рак на белите дробови, а пасивното пушење исто така предизвикува заболувања. Пушењето не само што убива, туку и му наштетува на здравјето на многу луѓе. Пушењето треба да биде забрането.

(Dr. Penny Cillin)

# Др Румен Дренковски

Јас мислам, всушност јас знам дека пушењето е главната причина за смртни случаи поврзани со дрогата. Пушењето предизвикува рак на белите дробови, а пасивното пушење исто така предизвикува заболувања. Пушењето не само што убива, туку и му наштетува на здравјето на многу луѓе. Пушењето треба да биде забрането.

(Dr. Steth A. Scope)

# Сандра Зеленова

Гледај ваму, јас пушам, океј, и тоа е мој избор. Пушењето ми се допаѓа, тоа е забавно и целото мое друштво пуши. Тоа е добар изговор да се собираме и јас може да престанам кога сакам, јас не сум зависник.

(Winnie Blue)

# Роберт Чадиковски, 15 години

Гледај ваму, јас пушам, океј, и тоа е мој избор. Пушењето ми се допаѓа, тоа е забавно и целото мое друштво пуши. Тоа е добар изговор да се собираме и јас може да престанам кога сакам, јас не сум зависник.

(Benny Hedges aged 15)

# Софре, 85 години

Јас пушам секој ден по една кутија цигарчиња уште од моите 12 години и не сум бил болен ниту еден ден во животот. Јас сум жив доказ дека пушењето е арно и оти тоа што луѓето го зборат е глупост! Пушењето ми ги смирува нервите и ми помага да се опуштам.

(Bob aged 55)

# Пара Дукатовска

Јас мислам дека пушењето цигари е скапо и е фрлање пари. Три кутии неделно чинат $30 или $1.500 годишно. За некој како Софре, тоа се $120.000 во текот на животот, што би му обезбедило многу комфорно сместување во некој пензионерски дом.

(Ms Lotta Cash)

# Алтан Дукатовски

Јас мислам дека пушењето цигари е скапо и е фрлање пари. Три кутии неделно чинат $30 или $1.500 годишно. За некој како Софре, тоа се $120.000 во текот на животот, што би му обезбедило многу комфорно сместување во некој пензионерски дом.

(Mr. Lotta Cash)

# Убавка

Не ми е гајле што моите манекенки пушат, затоа што тоа ги спречува да јадат премногу, а јас сакам моите манекенки да се потенки. (Нели сите го сакаме тоа?) Секако, јас не им дозволувам да пушат додека се на модната писта, но зад сцената нема проблеми. Тоа им помага да ги смират нервите.

(Tamara)

# Цврстко Решовски

Јас мислам дека пушењето е ужасна навика. Тоа не е здраво и ја чини заедницата огромни суми пари. Пушењето треба да биде забрането. Мојата работа е да им помагам на луѓето да се откажат од пушењето.

(Will Power)

## АКТИВНОСТ 3 (20 минути)

## Примери на прашања

Овие прашања може да се користат за да им помогнат на учениците да се подготват за средбата со родителите или може да бидат поделени на публиката за време на сесијата, како потсетник.

Прашање до: **Директорот на тутунската компанија**
Дали можеш мирно да спиеш знаејќи дека многу луѓе се болни од твојот производ?

Прашање до: **Директорот на тутунската компанија**
Господине Тутунаров, ти тврдиш дека нема сигурни докази оти пушењето предизвикува рак на белите дробови. Тогаш зошто на кутиите ставате етикети со предупредувања како што е *пушењето убива*?

Прашање до: **Докторот**
Дали последиците од пасивното пушење се навистина толку штетни или Маре претерува?

Прашање до: **Докторот**
Тогаш како го објаснувате тоа што Софре, иако има 85 години, изгледа доста здрав?

Прашање до: **Момчето/девојката**
Дали водиш сметка за своето здравје и дека може да добиеш рак на белите дробови?

Прашање до: **Момчето/девојката**
Зошто мислиш дека можеш да престанеш да пушиш кога сакаш, кога за никотинот се вели дека создава поголема зависност одошто хероинот?

Прашање до: **Момчето/девојката или советникот на Quit**
Стапката на тинејџерите кои пушат изгледа дека се зголемува, особено меѓу девојчињата. Што мислиш, зошто изгледа како тие да ги игнорираат предупредувањата?

Прашање до: **Момчето/девојката**
Зошто почна да пушиш? Дали тоа беше под притисок од врсниците?

Прашање до: **Спортскиот тренер**
А што со Jumping Jai, зарем тој не е пушач и освојувач на олимписки медал? Shane Warne, Pete Sampras и Tiger Woods се исто така познати спортисти кои пушат.

Прашање до: **Спортскиот тренер**
Ако некој многу пушел, па се откажал од пушењето, дали неговата физичка кондиција ќе се подобри?

Прашање до: **Финансискиот советник**
Дали земаш предвид дека ако на посетителите не им се дозволи да пушат на натпреварот, тие ќе останат дома и продажбата на билети ќе биде слаба?

Прашање до: **Финансискиот советник**
Ти, изгледа, водиш многу сметка за парите. Што би му советувал/советувала на адолесцентот кој почнува со некоја многу скапа навика?

Прашање до: **Мара**
Сигурно те гушат и бензинските испарувања. Дали сакаш и колите да бидат забранети? Дали не мислиш дека и пушачите имаат права?

Прашање до: **Мара**
Маро, ако таму не се пуши, дали би отишла на натпреварот?

## АКТИВНОСТ 3 (20 минути)

| |
|---|
| Прашање до: **Софре**<br>Што би му рекол на внукот ако сака да почне да пуши на 12 години? |

| |
|---|
| Прашање до: **Софре**<br>Звучиш како некој кој има тешкотии со дишењето. Не мислиш ли дека тоа е поврзано со пушењето? |

| |
|---|
| Прашање до: **Софре**<br>Твоето кашлање не звучи на арно. Си помислил ли да отидеш кај доктор? |

| |
|---|
| Прашање до: **Агентот на манекенки**<br>Што мислиш за рекламите на телевизија кои прикажуваат брчки околу устата и заби пожолтени од пушење. Тоа сигурно не е убав изглед за една манекенка? |

| |
|---|
| Прашање до: **Агентот на манекенки**<br>Дали си размислувала за здравјето на твоите манекенки? Што мислиш за правилната исхрана како извор на енергија? |

| |
|---|
| Прашање до: **Советникот на Quit**<br>Господине Решовски, твојата работа е да им помагаш на луѓето да се откажат од пушањето. Каков совет имаш за Софре и за момчето/девојката? Дали е премногу доцна за Софре да престане да пуши? |

| |
|---|
| Прашање до: **Советникот на Quit**<br>Господине Решовски, дали си свесен дека ако ги убедиш сите пушачи да престанат да пушат, ќе останеш без работа? Дали тоа те загрижува? |

| |
|---|
| Прашање до: **Советникот на Quit**<br>Ова момче/оваа девојка тврди дека може да се откаже од пушењето кога сака. Имаш ли некој совет за него/неа? |

**АКТИВНОСТ 4 (20 минути)**

# Полемика 2: Пиење на дебитантски бал

**Ученик/ученичка водител:** ________________________

## Цел

Водење дискусија за прашањето на алкохолот на јавни манифестации во кои се вклучени спортски клубови.

## Упатства

- Оваа активност подобро функционира ако учениците претходно одржат неколку проби. Тоа е активност што може да се одржи за време на состаноци на персоналот, зашто опфаќа учество на публиката.
- Неопходно е на сите - и на членовите на комисијата и на публиката - да им е јасно дека глумат, па затоа е важно учениците да ги играат своите улоги, а публиката да поставува прашања што ги оспорува мислењата на поединечните ликови.
- Може да поделите некои од прашањата однапред подготвени заради започнување на процесот или може имињата на ликовите да ги дадете на мали групи и да побарате од нив да подготват сопствени прашања. Последново ја поттикнува и комуникацијата меѓу присутните во публиката.
- Поттикнете ги учениците во комисијата да си помагаат еден на друг, ако некој добие тешко прашање. Еден начин тоа да се олесни е да се има неколку однапред подготвени одговори.
- Секогаш е корисно да се носи најмалку една реквизита.

## Опис на активноста

Ученикот/ученичката водител ја чита темата на полемиката, а потоа:

- Повикува еден доброволец од публиката да ја игра улогата на претседател на рекреативниот центар.
- Ги претставува членовите на комисијата и повикува секој од нив накусо да зборува за себеси.
- На комисијата и поставува претходно увежбани прашања.
- Ја повикува публиката да им поставува прашања на членовите на комисијата.
- Ја потсетува публиката дека таа исто така глуми и дека треба да поставува прашања кои ги оспоруваат мислењата на ликовите.
- Ја поттикнува публиката, ако треба, или и дава картички со прашања.

**АКТИВНОСТ 4 (20 минути)**

## Можен вовед

Оваа активност се вика "Полемика". Во неа се вклучени извесен број членови на една комисија, кои даваат свои мислења дали на локалниот дебитантски бал треба да биде дозволен алкохолот. Публиката ќе биде поканета да поставува прашања што ги оспорува мислењата на членовите на комисијата.
Претпоставената ситуација е дека одборот на рекреативниот центар во (име на град/предградие/село) минатата година решил повторно да организира дебитантски бал, со цел да се соберат пари за фудбалскиот, кошаркарскиот, одбојкарскиот и тенискиот клуб. Во (име на местото) дебитантски бал не е одржан повеќе од 30 години, па заедницата беше воодушевена поради обновувањето на традицијата.
Балот бил многу успешен. Направен е голем профит кој е поделен меѓу клубовите. Сите клубови сега почнаа со реновирање на своите објекти. Меѓутоа, поголемиот дел од профитот на балот беше од продажбата на алкохол, па голем број малолетни дебитанти, нивни партнери и гости, можеа таму да купат и пијат алкохол. Тоа предизвика голема загриженост. Беше предложено оваа година на дебитантнскиот бал да нема алкохол, дури ни учесниците да не можат да го донесат со себе.
Одборот на рекреативниот центар организира јавен форум, за да му помогне во донесувањето одлука како да биде оваа година.

**Комисија**

| | |
|---|---|
| Ученичка | Мајка на дебитантка, и самата некогашна учесничка на дебитантски бал, сега претседателка на кошаркарски клуб – Косара Обрачовска |
| Член од публиката | Претседател на рекреативниот центар – Јаворко Шумски |
| Ученик | Претставник на полицијата и на ТАС – наредник Строгов |
| Ученичка | Инструкторка на дебитантите – Валцеријана Тангова |
| Ученичка | Годинешна дебитантка – Лиле Белчевска |
| Ученичка | Минатогодишна дебитантка – Марина Вртева |
| Ученик | Партнер на поранешна дебитантка и претседател на фудбалскиот клуб – Петко Дибеков |

1. **Косара Обрачовска – Мајка на дебитантка, некогашна дебитантка, претседателка на кошаркарскиот клуб**

**____________________**

**(Име на ученичката)**

**Опис на ликот**

Цел живот си живеела во (име на местото). Ти си една од последните учеснички на дебитантскиот бал во 1971. Си била кошаркарска шампионка, а сега си претседателка на кошаркарскиот клуб. Твојата ќерка сака оваа година да оди на дебитантски бал. Ти си на два ума. Како претседателка на кошаркарскиот клуб, се радуваш на парите што се слеваат во клубот. Исто така те радува што заедницата ја обновува таа традиција и што сите сложно работат на организирањето на балот. Еден од твоите соништа беше твоето мало девојче еден ден да биде дебитантка во истата сала како тебе, НО приказните што ги слушна за пиењето на младите минатата година, навистина те загрижуваат. Ти би сакала се да биде убаво и едноставно како кога ти беше девојка. Повремено пиеш алкохол, но не го сакаш многу. Ти би сакала младите да почекаат со пиењето додека не бидат доволно возрасни и сметаш дека со тоа проблемот би бил решен.

**Прашања**

ВОДИТЕЛОТ: Косара, што мислиш за предложениот дебитантски бал?

КОСАРА: Јас ги сакам дебитантските балови. Јас бев дебитантка пред повеќе од 30 години и отсекогаш сакав ќерка ми да отиде на свој таков бал. Дури и го сочував мојот фустан и таа ќе го носи на балот, барем така се надевам. Како и да е, тоа е многу значајна ноќ во животот на една млада девојка. Кошаркарскиот клуб е многу среќен што учествува и собира пари за да ги подобри објектите за нашите девојки

**АКТИВНОСТ 4 (20 минути)**

ВОДИТЕЛОТ: Значи, алкохолот на балот за тебе не е проблем?

КОСАРА: Кога јас бев дебитантка, немаше алкохол. Ни денес не пијам многу. Не ми се допаѓа. Јас би сакала денешниве балови да се како нашите, кога сите само сакавме да играме. Младите треба да внимаваат како се однесуваат и да почекаат да пораснат, кога ќе можат легално да пијат.

**Прашање од публиката**

ПРАШАЊЕ: Косара, дали не мислиш дека твојот кошаркарски клуб има одговорност да обезбеди ти да поттикнуваш безбедни начини на пиење?

КОСАРА: Никогаш не сум размислувала за тоа. Сакам да кажам, трошам толку многу време на тимот, да најдам судии и тренери. Зарем не треба училиштата и родителите да внимаваат децата да не прават глупости? Знаете, кога јас бев млада, на нас девојките ни на ум не ни паѓаше да пиеме. Колку би сакала работите денес да не се толку комплицирани.

2. **<u>Јаворко Дренски/Јаворка Дренска,</u> претседател/претседателка на рекреативниот центар - (доброволец/доброволка од публиката)**

**Опис на ликот**

Цел живот си живеел/живеела во (име на местото). Си бил/била славен спортист/славна спортистка. Неодамна се пензионираше и сега си спремен/спремна да го искористиш слободното време за на локалниот рекреативен центар да му ја вратиш старата слава. Твоја амбиција е центарот да биде најдобар во околијата. Сакаш да испиеш понекое пиво и, ако тебе те прашаат, алкохолот и спортот секогаш оделе рака под рака. Ти знаеш дека успешна собирна акција се засновува врз продажбата на алкохол. Мислиш дека родителите треба да обезбедат малолетниците да не пијат. Те загрижува што некои добронамерни лица може да го доведат во прашање овој извор на приходи од кои има корист целата заедница.

**Прашања**

ВОДИТЕЛОТ: Кои проекти почнаа да се реализираат во рекреативниот центар од парите собрани на минатогодишниот дебитантски бал?

ЈАВОРКО/ЈАВОРКА: Алал да ти е (име на водителот) што го постави тоа прашање. Тенискиот клуб постави осветлување на четири игралишта, а следната недела тие ќе бидат покриени со Rebound Ace. Кошаркарскиот клуб исто така ги покри терените со површина што не се лизга, а планира да ги обнови и женските соблекувални. Фудбалскиот клуб изгради гимнастичка сала. Одбојкарскиот клуб постави нови мрежи. Треба да отидеш и со свои очи да видиш. Петка, жими мајка.

ВОДИТЕЛОТ: Значи, не ви требаат повеќе пари?

ЈАВОРКО/ЈАВОРКА: Како не ни требаат, уште не сме го отплатиле сето тоа. Ќе ни требаат барем десет дебитантски балови за да ги отплатиме долговите и повторно да бидеме во позитива.

ВОДИТЕЛОТ: Колку продажбата на алкохол влијаеше врз минатогодишниот профит?

ЈАВОРКО/ЈАВОРКА: Таа беше шлаг на тортата. Од продажбата на влезници ги покривме нашите трошоци, но продажбата на пијалоци ни донесе голем ќар. Ако се одлучи годинава секој да може да донесе алкохолни пијалоци, ние ќе мора да ги поскапиме влезниците, па сепак нема многу да заработиме.

**Прашање од публиката**

ПРАШАЊЕ: Јас сум од Центарот за социјална грижа и моето прашање е до Јаворко/Јаворка. Како претседател/претседателка на клубот што го организира балот, дали си свесен/свесна дека ти лично ќе треба да ги платиш сите казни во врска со служењето алкохол на малолетници?

ЈАВОРКО/ЈАВОРКА: Слушај, ние тука се пазиме еден со друг. Се држиме заедно. Башка, што сум јас виновен/виновна ако децата пивнат некоја чашка. Нивните родителите треба да им обезбедат лимонада, за да имаат што да пијат. Како и да е, кој има време да им бара лични карти? Лани паднавме од нозе служејќи пиење. Кој става трн во здрава нога, нели.

**АКТИВНОСТ 4 (20 минути)**

**3. <u>Наредникот Строгов</u> – Претставник на полицијата и на ТАС**

____________________

**(Име на ученикот)**

## Опис на ликот

Ти си полицаец во (име на местото) веќе 10 години. Ја сакаш заедницата и сакаш да имаш добри односи со секого. Си играл фудбал и кошарка и еден си од најголемите привзаници на локалните клубови. Но, неодамна си бил сведок на последиците на неколку фатални сообраќајни несреќи предизвикани од прекумерно пиење. Тоа те направи се понезадоволен поради количеството алкохол што се консумира по натпреварите. Всушност, престана да одиш на клубските прослави, за да не изгледаш дволично. Ти сакаш клубовите да преземат поголема одговорност во обезбедувањето законите за пиењето да се почитуваат и да усвојат методи на безбедно пиење. Ти би сакал дебитантскиот бал да се одржи, но под услов да се спречи малолетници да пијат алкохол.

**Прашања**

ВОДИТЕЛОТ: Нареднику Строгов, како заштитник на законот, дали прифаќаш на дебитантскиот бал во (име на местото) да се продава алкохол?

СТРОГОВ: Додека се почитуваат законите, ќе нема никакви проблеми.

ВОДИТЕЛОТ: Се зборува дека минатата година имало многу малолетници што пиеле. Зарем тоа не е кршење на законот?

СТРОГОВ: Да, малолетничкото пиење е кршење на законот. Тоа може да го уништи клубот, а мојот пријател Шумски/мојата пријателка Шумска, како претседател/претседателка, скапо да го/ја чини. Секој малолетник што пие може на лице место да биде казнет $50. Управата може да биде казнета $4.000 затоа што служи алкохол на малолетници и им овозможува да пијат, плус за пуштање малолетници во просториите, без придружба на родител. Клубот исто така може да има работа со Licensing Board и да биде казнет со натамошни $3.000. Сето ова е тешко прашање за еден полицаец. Јас ја разбирам потребата на клубовите да собираат пари и колку е добро луѓето да се собираат на клубски прослави. Но, ако клубовите не го сфаќаат законот сериозно, се плашам дека ќе мора да го применам законот. Тогаш, за несреќа, ќе изгледа како да работам против заедницата, наместо во нејзина корист.

**Прашање од публиката**

ПРАШАЊЕ: Јас сум во управата на одбојкарскиот клуб и сакам да му поставам едно прашање на наредникот Строгов. Ти имаше обичај по натпреварите да бидеш во клубот и, ако добро се сеќавам, да прославуваш со сите нас. Што ќе стане ако ноќта кога се одржува балот, ти, едноставно, не бидеш на должност?

СТРОГОВ: За жал, времињата се сменија. Не треба да ве потсетувам на двете сообраќајни несреќи во изминатата година, трагедии што ја погодија нашата заедница. Тие млади животи се загубени поради претерано пиење. Очигледно е дека пиењето на младите стана опасно, а ние, возрасните, треба да размислиме како и зошто тоа се случува. Јас би сакал подготовките за дебитантскиот бал да продолжат, ако сите што се вклучени во нив преземат одговорност да обезбедат дека законите нема да бидат прекршени. Така нема да барате од мене да не водам сметка и да бидам дволичен. Јас треба да го спроведувам законот.

**4. <u>Валцеријана Тангова</u> – Инструкторка на дебитантите**

____________________

**(Име на ученичката)**

**Опис на ликот**

Сакаш да играш. За тебе, танцувањето е поважно од се. Решена си да ја обновиш традицијата на дебитантските балови. Минатата година беше многу разочарана, зашто младите само два танца одиграа "пристојно". Веруваш дека балот треба да биде програма на формални танци, па тогаш ќе нема проблеми со алкохолот.

**АКТИВНОСТ 4 (20 минути)**

**Прашања**

ВОДИТЕЛОТ: Дали мислиш дека на дебитантски бал треба да се продава алкохол?

ВАЛЦЕРИЈАНА: Не, апсолутно не. Балот треба да биде волшебна ноќ на танцување. Девојките треба да пловат во вители на шифон, во мајсторските раце на момчиња со лесни чекори. Сте виделе ли како играат пијани луѓе? Ги заборавaат чекорите. Се нишаат и вртат без ритам. Се распашуваат - кошулите им висат надвор, косата разбушавена. Страшно е дури и да се помисли на тоа.

ВОДИТЕЛОТ: Ми изгледа дека си разочарана од минатогодишниот бал?

ВАЛЦЕРИЈАНА: Ми го скрши срцето. Тие извонредни млади луѓе толку се трудеа додека вежбавме. Изгледаа апсолутно прекрасно. Го видовте ли нивниот воведен танц? Едноставно, беше божествен. А тогаш - почна пиењето. Каков бал е тоа кога дебитантите се игнорираат, а сите седат и пијат наместо да танцуваат?

**Прашање од публиката**

ПРАШАЊЕ: Валцеријана, дали ти паднало на ум дека тие дебитантски балови и тоа старомодно формално балско танцување, се остатоци од минатото и дека на младите им се здодевни? Дали не мислиш дека можеби тоа била причината многумина од нив таа вечер да изберат прекумерно да пијат?

ВАЛЦЕРИЈАНА: Ви се молам, не пиеја сите млади, само некои. Тие сакаат да играат, а сега се во мода латинските танци. Ни требаат повеќе места каде се танцува. Ако сите играат, ќе нема пиење. Мајките, татковците, браќата, сестрите - сите треба да танцуваат.

**Лиле Белчевска - Можна дебитантка годинава**

**____________________**

**(Име на ученичката)**

**Опис на ликот**

Имаш 16 години. Ученичка си во 11 година. Многу сакаш да бидеш дебитантка. Имаш неколку добри другари и другарки, и добро се согласуваш со секого. Немаш постојано момче. Си била на неколку забави, но на нив немало многу пиење. Мајка ти и татко ти не сакаат да пиеш додека не бидеш доволно возрасна. Ти мислиш дека пиењето е знак на зрелост и отменост, па би сакала да пробаш. Мислиш дека ако си доволно возрасна да одиш на дебитантски бал, сигурно си доволно возрасна и да пиеш алкохол на забавите.

**Прашања**

ВОДИТЕЛОТ: Лиле, ќе одиш ли на дебитантскиот бал?

ЛИЛЕ: Одвај чекам. Го имам најубавиот фустан. Беше многу забавно кога учевме да танцуваме. Мојот партнер е навистина фин. Мама и тато се воодушевени. Го учам тато да игра, па и тој да може да танцува со мене. Мама вели дека никогаш до сега не го видела правилно да игра. Сите роднини доаѓаат да гледаат и сите мои пријатели ќе бидат таму. Тоооолку сум возбудена.

ВОДИТЕЛОТ: Минатата година имаше една забава "по дебитантскиот бал". Би отишла ли на такво нешто?

ЛИЛЕ: Нема да пропуштам. Сите велат дека било лудо. Се испланиравме, како ќе се начукаме.

ВОДИТЕЛОТ: Колку години имаш?

ЛИЛЕ: Шеснаесет.

ВОДИТЕЛОТ: Дали твоите родители знаат дека на дебитантскиот бал ќе пиеш алкохол?

ЛИЛЕ: Не сме разговарале за тоа, но некој ми рече дека дебитирањето е влез во светот на возрасните. Такашто, ако сум доволно возрасна да го сторам тоа, сигурно сум доволно возрасна и да пијам.

## АКТИВНОСТ 4 (20 минути)

**Прашање од публиката**

ПРАШАЊЕ: Лиле, дали воопшто не те загрижува можноста твојот дебитантски бал да се расипе ако ти или некој од твоето друштво се испијани?

ЛИЛЕ: Ќе биде супер. Секој се опушта по неколку пијалоци. Ништо страшно не се случува. Луѓето малку се тетерават, некој може да поврати, но ништо лошо не се случува. Тоа не е како да си ставаш хероин или да правиш нешто навистина лошо.

**Марина Вртева – Минатогодишна дебитантка**

____________________

**(Име на ученичката)**

**Опис на ликот**

Имаш 17 години и дебитираше минатата година. Тогаш имаше постојано момче, но раскинавте по балот. Мислеше дека појавувањето на дебитантскиот бал ќе ти биде најубавата работа во животот, но за тебе, тој се претвори во кошмар. Сега веќе немаш многу пријатели и се чувствуваш некако загубена и немотивирана. Често одиш на забави и на нив секогаш се испијануваш. Тоа ти помага да сокриеш колку ти е тешко што немаш момче.

**Прашања**

ВОДИТЕЛОТ: Дали уживаше на минатогодишниот дебитантски бал?

МАРИНА: Беше извонредно.

ВОДИТЕЛОТ: Не изгледаш воодушевена. Можеш ли да кажеш повеќе детали?

МАРИНА: Всушност, дебитантскиот бал беше фантастичен, но се претвори во најлошата ноќ во мојот живот.

ВОДИТЕЛОТ: Што се случи?

МАРИНА: Моето момче не ми беше партнер на балот - партнер никогаш не ти е твоето момче. Секако, тој дојде, но се испијани. Отпрвин беше забавно, а и јас испив една. Тогаш тој почна да се однесува агресивно и глупаво. Почна да им се додворува на други девојки и да се задева со другите момчиња. На забавата беше ужасно. Тој се смеша во голема тепачка. Сакав да си заминам, ама не знаев што да правам со него. Дури почна да ме навредува. Фустанот ми се скина. Ми кажа одвратни работи. На крај поврати и се онесвести.

ВОДИТЕЛОТ: Што потоа се случи?

МАРИНА: Забавата продолжи. Сите мислеа дека тој е легенда. Јас плачев и сите мислеа дека сум патетична. Раскинавме поради таа вечер.

**Прашање од публиката**

ПРАШАЊЕ: Марина, дали мислиш дека твојата дебитантска вечер ќе беше перфектна ако твоето момче не можеше да купи алкохол на балот?

МАРИНА: Тој секако ќе се испијанеше. Можеби немаше толку брзо да стане неподнослив, но во секој случај планираше на забавата да испие цело шише Bundi. Како и да е, забавата е катастрофа ако нема пиење. Кога ќе се испијаниш, не ти е гајле што луѓето мислат за тебе. Едноставно се исклучуваш.

**Петко Дибеков – претседател на фудбалскиот клуб, партнер на поранешна дебитантка, татко на партнер на минатогодишна дебитантка**

____________________

**(Име на ученикот)**

## АКТИВНОСТ 4 (20 минути)

### Опис на ликот

Ти си бомбастична личност. Свикнат си секогаш се да биде по твое и да си во центарот на вниманието. Секогаш си бил вреваџија. Ја мразиш сета таа глупава политичка коректност и на попот му велиш поп, а на бобот - боб. Ако те прашаат тебе, мажот треба да е локач на пиво и шовинист што пуши како оџак или - тој не е вистински маж. Очекуваш твоите синови да личат на тебе кога си бил млад. Ти мислиш дека фудбалскиот клуб е местото каде мажите се мажи и дека без алкохол не може да има никаква клубска прослава. Не ја поднесуваш идејата некои луѓе дури и да помислат да се мешаат во работите на фудбалскиот клуб.

### Прашања

ВОДИТЕЛОТ: Значи, Петко, треба ли дебитантскиот бал да биде сув?

ПЕТКО: Што прашање беше ова, жити мајка! Уште може да ми кажеш да се закалуѓериме. Сигурно дека треба да продаваме пиење. Го/ја слушнавте Јаворко/Јаворка. Не ќе собравме ни грош ако не го натопевме балот. Не ја слушајте Валцеријана. Не за џабе ја викаат "Вале заостанатата". Во она време, во 1971, таа мислеше дека ние машките одиме до колите за да слушнеме фудбалски резултати, а всушност ние таму ги криевме шишињата. Пиењето е дел од созревањето. На минатогодишниот бал јас бев горд што пиев заедно со син ми.

ВОДИТЕЛОТ: Колку години има син ти?

ПЕТКО: Шеснаесет. Слушај ваму. Последниве четири години јас го учам син ми како се пие. Му давам пиење, па сега е свикнат. Јас дури и му купувам пиво да однесе на забавите, за да не краде од други или да влегува во белја ако сака да купи. Тој мал неранимајко наскоро ќе ме натпие и мене, па ќе се стркалам под маса. Затоа не се обидувај да ми кажеш дека сум неодговорен татко.

### Прашање од публиката

ПРАШАЊЕ: Петко, не мислиш ли дека како претседател на фудбалскиот клуб, твоја одговорност е да внимаваш клубот да го почитува законот во врска со служењето и консумирањето алкохол?

ПЕТКО: Како да не! Главната одговорност на претседателот е да се освои шампионската титула.

**АКТИВНОСТ 4 (20 минути)**

## Примери на прашања

Овие прашања може да се користат за да им помогнат на учениците да се подготват за средбата со родителите и за време на активноста може да бидат поделени на публиката како потсетник.

| |
|---|
| Косара, дали не мислиш дека твојот кошаркарски клуб има одговорност да обезбеди ти да поттикнуваш безбедни начини на пиење? |

| |
|---|
| Јас сум од Центарот за социјална грижа и моето прашање е до Јаворко/Јаворка. Како претседател/претседателка на клубот што го организира балот, дали си свесен/свесна дека лично ти ќе треба да ги платиш сите казни во врска со служењето алкохол на малолетници? |

| |
|---|
| Јас сум во управата на одбојкарскиот клуб и сакам да му поставам едно прашање на наредникот Строгов. Ти имаше обичај по натпреварите да бидеш во клубот и, ако добро се сеќавам, да прославуваш со нас. Што ќе стане ако ноќта кога се одржува балот, ти, едноставно, не бидеш на должност? |

| |
|---|
| Валцеријана, дали ти паднало на ум дека тие дебитантски балови и тоа старомодно формално балско танцување, се остатоци од минатото и дека на младите им се здодевни? Дали не мислиш дека тоа можеби била причината многумина од нив таа вечер да изберат прекумерно да пијат? |

| |
|---|
| Лиле, дали воопшто не те загрижува дека твојот дебитантски бал може да се расипе ако ти или некој од твоето друштво се испијани? |

| |
|---|
| Марина, дали мислиш дека твојата дебитантска вечер ќе беше перфектна доколку твоето момче не можеше да купи алкохол на балот? |

| |
|---|
| Петко, не мислиш ли дека како претседател на фудбалскиот клуб, твоја законска одговорност е да внимаваш клубот да го почитува законот во врска со служењето и консумирањето алкохол? |

## Коментар на ученикот/ученичката водител

| |
|---|
| Речи дека ова беше корисна дискусија и заблагодари и се на публиката за нејзините провокативни прашања до членовите на одборот. Заврши со тоа што ќе речеш дека комисијата сега ќе продолжи да го разгледува прашањето и ќе донесе решение дали да дозволи алкохол на следниот дебитантски бар. |

# Косара Обрачовска

Јас живеам тука целиот живот и бев една од последните дебитантки во 1971. Во мое време бев шампионка во кошарка, а сега сум претседателка на кошаркарскиот клуб. Ќерка ми сака годинава да биде дебитантка, но јас сум на два ума околу алкохолот. Од една страна, јас се радувам на собраните пари што се слеваат во клубот и ме радува што заедницата ја обновува традицијата на дебитантски балови и што сите заедно работат на неговото организирање. Меѓутоа, ме загрижува  тоа што го слушам за пиењето меѓу малолетниците. Мене лично не ми се допаѓа алкохолот и би сакала младите со пиењето да почекаат да бидат доволно возрасни, па тогаш не би имало проблеми

(Netty Nostalgia)

# Јаворко Шумски

Цел живот живеам тука и бев славен спортист. Сега сум пензиониран и големиот дел од слободно време го посветувам на обновувањето на некогашната слава на рекреативниот центар. Решен сум да го направам најдобар во околијата. Сакам да испијам понекоја со друштво и, што се однесува до мене, алкохолот и спортот секогаш оделе рака под рака. Финансискиот успех на минатогодишниот дебитантски бал во најголема мера се должи на продажбата на алкохол и јас мислам дека родителите се тие што треба да обезбедат нивните деца да не почнат да пијат додека се малолетни. Ме вознемирува тоа што некои добронамерници може да го доведат во прашање овој примамлив извор на приходи за целата заедница.

(Henrietta Parkes)

# Јаворко Шумски

Цел живот живеам тука и на времето бев голема спортистка. Сега сум пензионирана и големиот дел од слободно време го посветувам на обновувањето на некогашната слава на рекреативниот центар. Решена сум да го направам најдобар во околијата. Сакам да испијам понекоја со друштво и, што се однесува до мене, алкохолот и спортот секогаш оделе рака под рака. Финансискиот успех на минатогодишниот дебитантски бал во најголема мера се должи на продажбата на алкохол и јас мислам дека родителите се тие што треба да обезбедат нивните деца да не почнат да пијат додека се малолетни. Ме вознемирува тоа што некои добронамерници може да го доведат во прашање овој примамлив извор на приходи за целата заедница.

(Henry Parkes)

# наредник Стролов

Десет години сум полицаец во (името на градот/населбата/селото). Јa сакам оваа заедница и сакам да имам добри односи со секого тука. Во свое време играв фудбал и кошарка, а сега сум еден од најголемите навивачи на локалните клубови. Но, неодамна бев сведок на последиците на неколку фатални сообраќајни несреќи предизвикани од прекумерно консумирање алкохол. Затоа се чувствувам се понепријатно поради количеството алкохол што се консумира по натпреварите. Всушност, престанав да одам на клубските прослави, за да не бидам дволичен. Би сакал клубовите да бидат поодговорни во поглед на почитувањето на законите околу пиењето и да усвојат правила за безбедно пиење. Јас би сакал дебитантскиот бал да се одржи, но под услов да се спречи на него малолетници да пијат.

(Sergeant Holmes)

# Валцеријана Тангова

Јас сакам да играм. За мене, танцувањето е најважната работа. Јас сакам да ја оживеам традицијата на дебитантските балови. Минатата година бев многу разочарана кога младите изиграа само два "пристојни" танца". Јас верувам дека балот треба да биде програма од формални танци и тогаш ќе нема проблеми со алкохолот.

(Tania Deltango)

# Лиле Белчевска

Јас имам 16 години и ученичка сум во 11 година. Многу сакам да бидам дебитантка. Имам група добри пријатели и добро се согласувам со секого, иако сега немам постојано момче. Сум била на неколку забави, но на ниедна немало многу пијалоци. Мајка ми и татко ми не сакаат да пијам додека не бидам доволно возрасна. Лично мислам дека пиењето е знак на зрелост и отменост, па би сакала да пробам. Моето мислење е дека ако сум доволно возрасна да бидам дебитантка, тогаш сум доволно возрасна и да пијам на забави.

(Lily White)

# Марина Вр тева

Јас имам 17 години и минатата година бев дебитантка. Тогаш имав постојано момче, но раскинавме по балот. Мислев дека дебитантскиот бал ќе ми биде најубавата работа во животот, но тој се претвори во кошмар. Сега веќе немам многу пријатели и се чувствувам некако загубена и немотивирана. Одам на многу забави и на нив секогаш се испијанувам. Тоа ми помага да сокријам колку ми е тешко што немам момче.

(Lily White)

# Петко Дибеков

Јас сакам се да биде по мое, да бидам во центарот на вниманието и се гордеам што сум таков. Секогаш сум бил вревација. Ја мразам сета таа глупава политичка коректност и секогаш на попот му велам поп, а на бобот - боб. Маж треба да лока пиво и да е шовинист што пуши како оџак, или не е вистински маж. Фудбалскиот клуб е место каде што мажите се мажи и никогаш не сум слушнал таква глупост како тоа алкохолот да не биде дел од клубските прослави. Не ја поднесувам идејата луѓето дури и да помислат да се мешаат во работите на фудбалскиот клуб.

(Jack Blunt)

## АКТИВНОСТ 5 (секоја по 5 минути)

# Жежок стол

**Ученик/ученичка водител**: ___________________________

## Цели

- Да се покаже колку е тешко да се донесуваат одлуки, особено да се донесуваат брзо и во околности кога некој се чувствува растргнат.
- Да се покаже различноста на мислењата вообичаени за млади луѓе во такви ситуации.

## Упатства

- Не е важно какви одлуки се донесуваат, зашто тоа зависи од квалитетот на аргументите. Дискусијата треба да се сконцентрира на разгледувањето на аргументите "за" и "против" и на нивно разгледување од страна на публиката.
- Одбегнувајте ги термините "добар" или "лош", или "ангел" или "ѓавол" во врска со свеста, бидејќи тоа повлекува оценување на вредностите на донесените одлуки. Потсетете ги учениците дека пристапот на намалување на штетноста не е сконцентриран на тоа дали е исправно или погрешно да се користи дрога. (Упатете ги на нивни дефиниции на намалување на штетноста и потсетете ги да бидат свесни за несоодветни термини на страницата 13 на *Get Wise*). Цел на активноста е родителите да сфатат колку е тешко да се донесуваат одлуки во врска со дрогата. Кога ќе им се претставува некое сценарио, родителите често може да видат дека постојат многу аргументи "за" и "против" ситуацијата, дека често не е лесно да се донесе одлука и дека често адолесцентите внимателно размислуваат за ситуацијата пред да донесат одлука.
- Ако почувствувате дека публиката е спремна за тоа, може да повикате некои возрасни да станат "гласови" и можеби некои ученици да им помогнат во тоа.
- Учениците може да додадат други мислења во просторот на крајот на секоја од активностите "Жежок стол".
- Доволни се три или четири активности за одлучување.
- Оваа активност е многу добра за време на некој состанок на персоналот.

## Опис на активноста

Ученикот/ученичката водител повикува еден доброволец да седне на стол, свртен кон публиката. На доброволецот му се чита сценариото и тој/таа мора да се обиде да стане лик во тоа сценарио. По едно лице стои од двете страни на "жешкиот стол". Нивната улога е да бидат мислите "за" и "против" на лицето што седи на столот. Тоа ги ислушува аргументите што ги даваат лицата од двете страни на столот и мора да се труди да ги блокира сопствените мислења и да донесе решение само врз основа на аргументите што ги слушнал/слушнала. Тоа е како дебата меѓу аргументи "за" и "против", и доброволецот треба да одбере кој изнел најубедливи поенти.

## АКТИВНОСТ 5 (секоја по 5 минути)

## Можен вовед

Оваа активност се вика "жежок стол", бидејќи во неа е вклучен еден доброволец од публиката пред кој/која е изнесена една дилема. Додека седи на "жешкиот стол", тоа лице мора да се замисли дека е лицето исправено пред дилемата. Две лица од тимот за создавање на дискусија (*Creating Conversations*) ќе станат мислења "за" и "против" на лицето на столот. Тоа не смее да има сопствени мислења и мора да донесе одлука врз основа на изнесените аргументи. Сега го молам доброволецот да седне на "жешкиот стол", а ……………………………......... и …………………………… да ги заземат своите места како мислења "за" и "против".

## Соодветни дилеми

**1. Ти си ученик/ученичка во 7 година и поминуваш покрај група мошне груби ученици од 10 години, кои пушат. Но наместо да те задеваат, тие ти нудат цигара. Дали ќе земеш?**

**Ученикот/ученичката "за"______________ Ученикот/ученичката "против"______________**

| | |
|---|---|
| • Пробај, не е страшно. | • Пушењето е глупост. Не мора да пушиш па да бидеш "кул" |
| • Само една цигара и тие ќе бидат толку импресионирани. | • Ти дури и не знаеш да пушиш. Колку ќе се посрамиш ако се закашлаш. |
| • Од една нема да станеш зависник, треба само да повлечеш неколку пати. | • Една е доволно за да се почне и многу брзо може да станеш зависник. |
| • Ако се дружиш со овие типови, ќе станеш главен/главна во 7 година. | • Може да добиеш рак на белите дробови. Ги виде ли оние реклами на телевизија? |
| • Не треба да купиш ниедна. Тие ти даваат една од нивните. | • Да, ама така е само во почеток. Ако почнеш да пушиш, тоа ќе те чини многу пари. |
| • Пушењето ти ги смирува нервите. | • Пушењето е стимулативно средство. Тоа го забрзува централниот нервен систем. |
| • На кутијата пишува "пушењето наштетува", ама тоа важи за постарите луѓе, не за тебе. | • Ги имаш ли видено оние реклами на телевизија дека секоја цигара ти наштетува, дека забите ќе ти пожолтат, а косата и облеката ќе ти смрдат? Брчките околу устата не се убава глетка! |
| • Ако не сакаш, не мора да вовлекуваш. | • Замисли во колкава беља ќе бидеш ако те фатат. |
| • Нема да те фатат. Цело време децата пушат во школо. Кој ќе те види? | • Биди свој човек. Прави го тоа што ти сакаш, а не што други мислат дека треба да правиш. |

## АКТИВНОСТ 5 (секоја по 5 минути)

**2. Ти имаш 17 години и заедно со четири твои другари/другарки си поканет/поканета да го поминеш викендот во крајбрежната куќа на еден пријател/пријателка. Таму ќе нема возрасни, а главната причина да отидеш е за првпат да пробаш марихуана. Ќе ја прифатиш ли поканата?**

**Ученикот/ученичката "за"______________ Ученикот/ученичката "против"______________**

| | |
|---|---|
| • Најдобро е да се проба кога другарите/другарките се со тебе. Затоа оди и стори го тоа. | • Што ако некој се разболи или повреди? |
| • Ако имаш проблеми, твоите другари/другарки ќе бидат таму. | • Да, проблеми, токму тоа ќе се случи ако дознаат твоите родители. Тие ќе побеснат. |
| • Може да биде многу забавно. | • Не мислам дека е забавно да седиш во аголот тотално загубен. |
| • Ќе бидете само ти и твоите другари/другарки. Нема начин твоите родители да дознаат. | • Знаеш дека тоа не е легално. |
| • Не биди тупав/тупава. Тоа е само трева. Од тоа не може да станеш зависник. | • Може да си предизвикаш ментална болест - шизофренија. |
| • Сите знаат дека малку трева не предизвикува сериозна штета. Што ќе ти биде ако пробаш? | • Што ако си алергичен/алергична на тоа и добиеш екстремна реакција. Кој ќе ти помогне? |
| • Цел живот ќе се прашуваш како е тоа. Ова ти е можност. | • Си слушнал/слушнала ли за психоза? Токму тоа може да ти се случи. |
| • Доволно си возрасен/возрасна да правиш што сакаш и ова ќе биде фантастичен викенд. | • Биди свој човек, прифати ја поканата, ама не оди само за да пушиш тревка. |
| • Луѓето ќе мислат дека си супер. | • Ако нешто се случи, може да се каеш цел живот. |

**3. Ти си родител и мошне си загрижен/загрижена за твојата 15-годишна ќерка Јана. Од неодамна Јана стана мошне затворена, престана да зборува со тебе и почна да влегува во белји во школо. Се прашуваш да не зема дрога. Ти се обиде да зборуваш со неа за тоа што те загрижува, но таа само се налутува и се повлекува во себе. Чистејќи ја нејзината соба, наидуваш на нејзиниот дневник. Дали го читаш?**

**Ученикот/ученичката "за"______________ Ученикот/ученичката "против"______________**

| | |
|---|---|
| • Мора да го прочиташ. Таа е твоја ќерка и може да е нешто сериозно. | • Ако беше нешто сериозно, таа ќе ти кажеше. Не треба да го читаш. Тоа е нејзин личен дневник, а не твој. |
| • Прочитај го и врати го на место. Таа никогаш нема да дознае. | • Има други начини да се дознае. Прашај ги нејзините другарки. |
| • Што ако нешто навистина лошо се случува? Ќе се каеш ако не сториш ништо. | • Замисли колку ќе се каеш ако Јана дознае дека го читаш нејзиниот личен дневник. |
| • Не можеш да помогнеш ако не знаеш што се случува. Прегледај го набрзина. | • Како би се чувствувал/чувствувала некој да го чита твојот дневник? |
| • Таа можеби сака ти да го прочиташ, зашто не знае како да ти каже. | • Таа веќе никогаш ќе нема доверба во тебе. Само ќе ги влошиш вашите односи. |

## АКТИВНОСТ 5 (секоја по 5 минути)

**4. Ти се 15-годишно девојче и си на забава со три твои пријателки. Саатот е 11.30 навечер. Татко ти треба да дојде на полноќ за да те земе тебе и твоите другарки. Твоите родители мислат дека на забавата нема алкохол, но една од твоите пријателки е толку пијана што одвај стои и веројатно ќе поврати во колата на татко ти. Ако тој дознае дека на забавата се пиело, ти ќе имаш сериозни проблеми. Дали ќе ја земеш другарката да ја одвезете дома?**

**Ученикот/ученичката "за"______________ Ученикот/ученичката "против"______________**

| | |
|---|---|
| • Треба да ја земеш, таа ти е најдобрата другарка. | • Не можеш да ја земеш. Татко ти многу ќе се налути, зашто си го лажела. |
| • Не можеш да ја оставиш на забавата. Некој може да ја искористи. | • Ако таа поврати во кола, со месеци нема да те пуштат да излезеш од дома. |
| • Ако повраќа, кажи му на татко ти дека и се слошило од возењето. | • Зошто ти да имаш проблеми за нешто што таа го направила? |
| • Ако нешто и се случи, ти ќе се чувствуваш многу лошо. | • Најди некој друг да ја однесе дома. |
| • Како може да знаеш дали да имаш доверба во некој друг да ја однесе дома? | • Таа може да повика такси, само дај и пари. |
| • Таа е премногу пијана за да повика такси. И што со таксистот? | • Твоите родители веќе никогаш нема да ти веруваат. Се сеќаваш, ти им рече дека ќе нема алкохол. |
| • Пријателите треба да се грижат еден за друг. И ти ќе побараше таа истото да го стори за тебе, зарем не? | • Тоа е нејзина одговорност, не твоја. |

**5. Ти си 19-годишно момче. Твојата 15-годишна сестра оди на забава. Ти знаеш дека на забавата ќе нема возрасни, зашто родителите на домаќинот/домаќинката се на одмор. Сестра ти бара од тебе да и купиш алкохол. Дали ќе и купиш?**

**Ученикот/ученичката "за"______________ Ученикот/ученичката "против"______________**

| | |
|---|---|
| • Ајде, не биди лицемерен. Ти го правеше истото кога беше на нејзини години. | • Ако нешто се случи, ти ќе бидеш виновен. |
| • Речи и да не пие многу, или купи и само половина од количеството. | • Да, ама таа е девојче, таа не знае да се пази. Некој може да ја искористи. Како тогаш би се чувствувал? |
| • Ти си нејзиниот идол, нејзиниот голем супер брат. Не ја уривај таа претстава за себеси. | • Не треба многу за едно 15-годишно девојче да се испијани. Ти добро го знаеш тоа. |
| • Тоа е нормално, сите тинејџери пијат на забавите. | • Колку ќе се чувствуваш "супер" ако таа влезе во белји? |
| • Преживеа! Беше забавно. | • Сети се на тинејџерските забави на кои ти одеше. Сакаш ли сестрата да биде на една од нив? |
| • Таму ќе има други да се грижат за неа. | • Доколку и ти не бидеш на таа забава, не треба да и купиш алкохол. |

## АКТИВНОСТ 5 (секоја по 5 минути)

**6. Ти си момче/девојка на 18 години. Многу од луѓето што ги имаш сретнато во последно време, редовно земаат екстази. Тебе и на твојот другар/другарка ви понудија половина таблета, колку да пробате. Дали ќе пробаш?**

**Ученикот/ученичката "за"______________ Ученикот/ученичката "против"______________**

| | |
|---|---|
| • Тоа е само половина, а ти си со другар/другарка. | • Не знаеш што е тоа. Може да е прашок за перење или LSD. Што со промена на расположението? Го сакаш ли тоа? Не ризикувај. |
| • Без пари е, не треба да платиш и не те прави зависник. | • Може да ја загубиш контролата врз себеси. Не знаеш каков ефект ќе има врз тебе. |
| • Што мислиш, зошто се вика екстази? Затоа што ќе ти биде фантастично. Можеш да го сториш тоа со пауза. | • Истражувањата покажуваат дека екстази подоцна предизвикува губење на меморијата - тоа се нарекува оштетување на мозокот. |
| • Не биди смешен/смешна, тие ќе мислат дека си премногу исправен/исправна. | • Биди свој човек, прави што ти сакаш да правиш. Што ти е гајле за мислењето на други. |
| • Мисли само на ЗАБАВА, ЗАБАВА, ЗАБАВА. | • Сети се на физичкиот закон: колку што одиш нагоре, толку ќе паднеш надолу. Дали навистина сакаш да се чувствуваш толку лошо? |
| • Твојот пријател/пријателка ќе води грижа за тебе. Сосема е безопасно, само треба да пиеш доволно вода. | • Сите пиеја, нема да знаат што да прават ако нешто појде на лошо. |
| • Тие типови земаат цело време и уживаат во тоа. | • Знаеш дека има луѓе што умреле од само една таблета екстази. |

**7. Ти си 16-годишна девојка на забава со многумина твои другари/другарки. Најзгодното момче на забавата те прашува дали сакаш да те одвезе дома. Тој штотуку наполни 18 години и пред кусо време доби возачка дозвола. Тој пиеше на забавата, ама не изгледа пијан. Дали ќе прифатиш да те вози дома?**

**Ученикот/ученичката "за"______________ Ученикот/ученичката "против"______________**

| | |
|---|---|
| • Тој е толку загреан, треба само да му влезеш во кола. | • Не влегувај во колата. Тој е пијан и веројатно ќе направи несреќа. |
| • Доцна е, а ти треба превоз до дома. Дали навистина сакаш толку доцна да им телефонираш на родителите? | • Може да повикаш такси. |
| • Не можеш да си дозволиш такси. Парите ти требаат за други работи. | • Ти дури не го ни познаваш. Може да дојде до ситуација "живот или смрт". Сакаш да завршиш во инвалидска количка? |
| • Се ќе биде во ред, ти можеш да водиш сметка за себеси. Само внимавај тој да биде сконцентриран додека вози. | • Тој штотуку ја доби дозволата, тој не е искусен возач. |
| • Ти живееш подолу по улицата, нема да бидеш долго во колата. | • Добро е познат фактот дека мнозинството несреќи се случуваат во радиус од 500 метри од твојот дом. |
| • Тоа ќе те направи уште попопуларна. Само помисли си колку другарките ќе ти завидуваат и дека сите ќе знаат. | • Тие нема да ти завидуваат ако завршиш во болница. Ги имаш ли видено оние реклами на ТАС на телевизија? |

## АКТИВНОСТ 5 (секоја по 5 минути)

**8. Ти имаш 10 години и страдаш од астма. Таткото на твојот најдобар другар те вози на многу важен кошаркарски натпревар - твојот тим се квалификува во полуфиналето. Тој пуши во колата, па ти си загрижен поради твојата астма. Дали ќе му речеш да престане?**

**Ученикот/ученичката "за"______________ Ученикот/ученичката "против"______________**

| | |
|---|---|
| • Не можеш да му речеш што да прави, тој е возрасен. | • Да, ама ќе добиеш напад на астма и нема да можеш да играш. |
| • Тоа е негова кола и во неа може да прави што сака. | • Само речи му да не пуши додека не стасате до игралиштето. |
| • Тој ќе помисли дека се правиш умен. | • Не, тој ќе мисли дека си одговорен. |
| • Отвори го прозорецот да влезе чист воздух. | • Од тоа ќе стане лом во колата. |
| • Престани да бидеш плачко. Игралиштето е на само 10 миниту возење. | • Замисли да го загубите натпреварот зашто си останал без здив? |
| • Ќе ги повредиш чувствата на твојот најдобар другар. | • Зошто ти треба да страдаш за да не ги повредиш чувствата на некој друг? |
| • Ќе испаднеш плачко. Стегни ги забите и издржи. | • Треба да бидеш поцврст. Бори се за своите права. |
| • Почни да кашлаш и можеби тој ќе сфати. | • Не. Кога се работи за твоето здравје, не може да правиш компромиси. |

**9. Ти си родител на 15-годишно девојче Ана. Таа сака да оди на концерт Big Day Out со другарките. Ти сериозно си загрижен/загрижена околу тоа. Дали ќе ја пуштиш да оди?**

**Ученикот/ученичката "за"______________ Ученикот/ученичката "против"______________**

| | |
|---|---|
| • Таа е одговорно девојче на 15 години и нејзините другарки се многу добри. | • Таа има 15 години, па е многу млада за такво нешто. Сешто може да и се случи. |
| • Ти одеше на концерти кога беше на нејзини години. | • Што со дрогата и алкохолот за кои слушаш дека ги има на такви концерти. |
| • Таа ќе помисли дека немаш доверба во неа. | • Да, ама времињата се поинакви сега. Многу е поопасно. |
| • Мора да ја пушташ понекогаш да излегува. | • Ти имаш доверба во неа, но не и кон другите на концертот. Речи и така. |
| • Одреди правила и ограничувања, а потоа пушти ја да оди. Таа толку ќе го цени тоа, што може дури и да работи нешто низ дома! | • Купи и CD, тоа е подобро одошто да оди. |
| • Пушти ја да оди преку ден и земи ја пред да се стемни. Или оди со неа. | • Правилото е дека таа може да оди на такви настани кога ќе има 17, а не 15 години. |
| • Треба да размислиш за ова. Пред да донесеш одлука, треба да разговараш со неа. | • Што, се обидуваш да бидеш попустлив родител? Едноставно, речи "не". |
| | |

## Коментари на ученикот/ученичката водител

По изнесените дилеми, постави му ги следните прашања на доброволецот:

- Врз основа на слушнатите аргументи, што е твојата одлука?
- Која поента те убеди да ја донесеш таа одлука?
- Дали ти беше тешко да ја донесеш одлуката?

**АКТИВНОСТ 6 (10 минути)**

# Скриени мисли 1 – Јане

**Ученик/ученичка водител: ______________________________**

## Цел

Истражување на мислењата кои, од разни причини, не се изнесени, но кои се значајни поради нивното влијание врз дискусијата/комуникацијата што се одвива.

## Упатства

- Оваа активност бара повеќе вежбање одошто некои други.
- Може да сакате да го смените сценариото за повеќе да одговара на вашата училишна заедница.
- Може да биде корисно некој возрасен да ја води дискусијата на скриени мисли, заедно со ученикот/ученичката водител.

## Опис на активноста

Ова е претстава која може да биде изведена на многу начини. Скриените мисли може да бидат истражувани низ сценариото, со тоа што некои ќе ја играат улогата на "мозок" на секој од ликовите. За максимално да се засили ефектот, ликовите на скриените мисли може да бидат облечени во црно или да реагираат на копчињата "pause" и "play" како на "далечинско". Исто така, може да ја прашувате публиката што можеби мисли секој од ликовите, но не го кажува. Ова ќе овозможи дискусија за прикажаниот стил на однесување на родителите.

## Можен вовед

Следната активност е за 16-годишниот Јане и за неговите родители Петранка и Никола. Дел од активноста е да се истражи што ликовите можеби мислат, но не кажуваат, па секој од ликовите зад себе има "мозок". Преку викендот, Јане беше во куќата на негов другар чии родители се вратиле дома порано и ги нашле момчињата како пушат марихуана. Почнуваме од сцената со родителите на Јане.

| ЛИКОВИ | ГИ ИГРААТ |
|---|---|
| Мајката Петранка | |
| Таткото Никола | |
| Синот Јане | |

МАЈКАТА**:** Никола, треба да зборуваш со него. Ова е сериозно. Треба да бидеш строг. Ти си му татко.

ТАТКОТО: Добро, ќе бидам, опушти се.

МАЈКАТА**:** Јане немаше да се впушта во вакви работи ако ти беше построг со него. Се работи за дрога, Никола, а марихуаната е илегална. Тоа момче е толку поводливо.

ТАТКОТО: Смири се, Петранка. Тој има 16 години - возраст на која самиот ги донесува одлуките.

МАЈКАТА**:** Никола, не ми вели да се смирам.

[*Freeze*]

ГЛАСОТ НА ТАТКОТО: Пак почнува. Претерува како секогаш, а јас треба да го истрпам тоа.
ГЛАСОТ НА МАЈКАТА: Кому Никола му вели да се смири. Имам право да бидам загрижена. Јас сум му мајка на детето.

[*Влегува Јане*]

ЈАНЕ: Здраво мамо, здраво тато. Толку сум гладен што би можел да изедам вол.
МАЈКАТА**:** [*Гледајќи внимателно во Јане*] Што ти е со очите, Јане?
ЈАНЕ: За што зборуваш?
МАЈКАТА**:** Јане, татко ти сака да зборува со тебе. Нели Никола?
ТАТКОТО: Јане, седи ваму. Треба да поразговараме.
МАЈКАТА**:** Биди строг, Никола.
ТАТКОТО: Јане, каде беше вечерва? Со Томе?
ЈАНЕ: Што е сето ова? Да, бев со Томе, шутиравме топка во паркот.

[*Freeze*]

ГЛАСОТ НА ЈАНЕ**:** Што се случува тука? Има нешто, ама се надевам дека не е страшно.

МАЈКАТА: Ајде, не ме моткај, Јане. Од каде ти е тоа?
ЈАНЕ: Топката? Од кај Томе дома.
МАЈКАТА**:** Не се прави умен. Тукушто ми се јави мајка му на Томе. Знаеш ли колку бев посрамена? Со тие жени одам на базен!
ТАТКОТО**:** [*Смирено*] Томе ли ти го даде тоа?
ЈАНЕ: Го најдов кога се шетавме.
МАЈКАТА: Од каде тогаш ти е бингото?
ЈАНЕ: Тоа се вика бонг, мамо. Ни го даде братот на Томе.

[*Freeze*]

ГЛАСОТ НА ЈАНЕ: Сега сум готов. Не смеам да им кажам дека јас го донесов. Ќе се правам ладнокрвен.
ГЛАСОТ НА МАЈКАТА: Ова е толку понижувачки. Не можам да поверувам дека Јане можеше да ми го направи ова. На базен сите ќе ме озборуваат.

ТАТКОТО**:** Јане, се надевам дека се каеш за ова.
ЈАНЕ: Океј, се кајам.
ТАТКОТО**:** Гледаш, Петранка, момчето се кае.
МАЈКАТА: [*Вика*] Се кае! Каењето не е доволно. Треба да биде казнет... и ти ќе го казниш.
ТАТКОТО**:** Ако детето се кае, мислам дека треба да му веруваме дека нема пак да го стори тоа. Така ли е, Јане?
ЈАНЕ: Да, така нека биде, нема да го сторам пак. Океј, мамо, ветувам.

[*Freeze*]

ГЛАСОТ НА ТАТКОТО: Уф, ги пропуштив фудбалските резултати. Сето ова полесно ќе се средеше без Петранка. Не е толку лошо. Јане можеше да стори и полоши работи. Ова е само трева.
ГЛАСОТ НА МАЈКАТА: Зошто јас секогаш мора да воведувам дисциплина? Кога треба да биде родител, Никола секогаш ја пика главата во песок. Ми здодеа секогаш јас да бидам лошата.

МАЈКАТА: Никола, мене ми треба поддршка во ова. Зошто не ме поддржуваш и асално да го казниш детево?
ТАТКОТО**:** Ако малку се смириш, ќе можеме да ја средиме работава како што треба. Петранке, само смири се малку.
МАЈКАТА: За тебе нема проблеми, Никола. Ти не треба утре да одиш на базен со тие жени. Тие ќе мислат дека сум лоша мајка. Јане, толку сум лута...

[*Stop*]

**<u>Коментари на ученикот/ученичката водител</u>**

Откако ќе ја запреш претставата, постави и ги на публиката следниве прашања:

- Што друго можеби мислат ликовите?
- Има ли некој коментар за тоа како родителите се справуваат со оваа ситуација?
- Петранка и Никола разговараа како да постапат со Јане, но на кој друг начин тие можеа да се справат со ситуацијата?

**АКТИВНОСТ 7 (10 минути)**

# Скриени мисли 2 – Горан

**Ученик/ученичка водител: ______________________________**

## Цели

- Истражување на можните ефекти и последици на употребата на марихуана.
- Поттикнување на дискусијата за стратегиите за справување со оваа ситуација.

## Упатства

- Оваа активност бара повеќе вежбање одошто некои други.
- Може да сакате да го смените сценариото за повеќе да одговара на вашата училишна заедница.
- Може да биде корисно некој возрасен да ја води дискусијата на скриени мисли, заедно со ученикот/ученичката водител.

## Опис на активноста

Ова е претстава за група врсници кои се загрижени поради тоа што нивниот другар пуши "трева" и ефектите што тоа ги има врз него. Целта на активноста е да се истражат скриените мисли на ликовите. Важно е публиката да се вклучи во истражувањето на скриените мисли и во дискусијата за стратегиите за справување со оваа ситуација.

## Можен вовед

Здраво, јас се викам……………….... Следнава активност е претстава за група врсници кои се загрижени поради тоа што нивниот другар пуши марихуана. Целта на активноста е да се истражи што ликовите можеби мислат, но не кажуваат, а потоа да се дискутира за некои начини на справување со оваа ситуација.

| **ЛИКОВИ** | **ГИ ИГРААТ** |
|---|---|
| Јанко | |
| Трена | |
| Деса | |
| Горан | |

[*Јанко, Трена, Деса и Глигор седат пред телевизор, гледаат 'Friends' и разговараат за Горан.*]

ТРЕНА: Знаете ли што ми се допаѓа во оваа епизода? Таа навистина покажува колку се важни пријателите - за смешки и за водење грижа еден за друг.

ГЛИГОР: Да, точно, машките прават смешки, а женските после ги средуваат работите!

ТРЕНА: Немој да си толкав сексист. Јас мислам дека Деса е многу позабавна од тебе.

ГЛИГОР: А што со Горан? Тој е најзабавниот тип на светот. Или барем беше пред да почне толку да пуши трева.

ЈАНКО: Да, точно. Тој беше главен на забава дури и кога не беше на забава, ме разбираш.

ГЛИГОР: Се сеќавате ли кога правеше смешки во школо? Целиот клас се измоча во гаќи од смеа!

ДЕСА: Да, мислам дека Горан е исто толку забавен како господин Мак на часовите по историја, но сега веќе не му е гајле за нас.

ЈАНКО: Да, ама ние сме му пријатели. Треба да поведеме грижа за него, а не само да седиме и зборуваме колку се променил.
ТРЕНА: Мислиш ли дека нешто не е во ред, па затоа тој пуши трева толку често, наместо само понекогаш?
ЈАНКО: Мислам дека постои некој голем проблем, ама не знам што е тоа. Тој дури не се ни обидува да најде забава.
ТРЕНА: Можеби треба да дознаеме? Ние сме негови пријатели, а пријателите треба да се грижат еден за друг. Можеби треба да го прашаме.
ГЛИГОР: Јас се обидов да го прашам, ама тој постојано ми вели дека е добро и да не се грижам.
ЈАНКО: Јасно е дека со Горан нешто не е во ред. Одамна не дошол на часовите по историја и веројатно ќе падне. Престана да игра фудбал и, што е најлошо од се, веќе не разговара со нас.
ДЕСА: Можеби само сака да биде настрана. Тој може да се грижи за себеси. Многу луѓе минуваат низ фазата на пушење трева. Тој никому не прави проблеми.
ТРЕНА: Не, мислам дека треба да разговараме со Горан сите заедно. Да му кажеме дека сме загрижени за него и дека сакаме да му помогнеме. Не велам да правиме нешто зад негов грб, но не можеме да седиме настрана и да го гледаме како пропаѓа.
ДЕСА: Да, ама ако сакаше помош, не мислиш ли дека ќе ја побараше?
ГЛИГОР: Не, се согласувам со Трена, треба да сториме нешто.
[*Чукање на врата*]
ЈАНКО: Не можам да верувам! Доаѓа Горан. [*Оди до вратата и му отвора на Горан*]
ГЛИГОР: Здраво, Горан, како си?
ГОРАН: Одлично, извинете што доцнам.
ТРЕНА: Каде беше?
ГОРАН: Никаде, само го загубив осетот за време. Знаете како е.
ТРЕНА: Горан, арен си? Се загрижившме за тебе. Многу си се сменил и не изгледаш среќен. Нешто не е во ред?
ГОРАН: Не, зошто мислиш така? Во ред сум, само оставете ме на мир.
ГЛИГОР: Ајде, Горан, веќе никаде те нема, веќе не си со нас. Што ти се мотка низ главата?
ГОРАН: Слушај, јас имав неколку проблеми и тоа е се. Можам самиот да ги решам. Навистина сум добро.
ДЕСА: Токму тоа и јас го реков. Ајде Горан, сакаш да играме партија карти?
ЈАНКО: Горан, ние сме твои другари и ние не можеме да ти помогнеме ако не зборуваш со нас. Што не е во ред?
ГОРАН: Ништо, ви реков. Арен сум.

[*Freeze*]

## Ученикот/ученичката водител

Постави и ги на публиката следните прашања:

- Кои други мисли можеби ги имаат ликовите?
- Како пријателите на Горан се справуваат со ситуацијата?
- Дали имате некоја сугестија како тие поинаку треба да се справуваат со оваа ситуација?

## Други мисли што ликовите можеби ги имаат

ТРЕНА: Мислам дека ни треба професионална помош. Ако се случи нешто лошо, ќе се кајам што не сторив ништо. Мислам дека е ова надвор од нашите можности.
ГЛИГОР**:** Можеби треба братот на Горан да го прашаме што се случува, или можеби тоа само ќе ги влоши работите.
ЈАНКО: Ако речеме нешто, може да го турнеме Горан во вистински проблеми, а ако не речеме, тој секако може да има проблеми. Можеби треба да прашаме некого во школо, без да го спомeнеме името на Горан.
ДЕСА: Дали сум вистински пријател со тоа што се преправам дека е се во ред, игнорирајќи го тоа што Горан толку се сменил? Дали би сакала моите пријатели да ме остават сама да се соочувам со моите проблеми?
ГОРАН: Знам дека имам проблеми, ама овие не можат ништо да сторат за да ми помогнат. Тие не разбираат, никој не разбира.

## АКТИВНОСТ 8 (5 минути)

# Не избрзувај со заклучоци

(Од *Get Wise:* Communicating with Parents section)

**Ученик/ученичка водител**___________________________

## Цели

- Да се поттикнат родителите да прашуваат, ама не да судат.
- Да се нагласи потребата од отворена комуникација.

## Упатства

- За оваа активност е потребно извесно вежбање и може да се приспособи да одговара на публиката.
- Ова е активност што е погодна за завршница на вечерта, зашто ја нагласува пораката дека комуницирањето е важно. Исто така, таа завршува во позитивен тон.
- Сценариото може да биде адаптирано за да одговара на школската заедница.

## Опис на активноста

Ова е претстава чија цел е да се нагласи значењето на отвореното комуницирање меѓу родителите и адолесцентите.

## Можен вовед

Оваа активност се засновува врз сценарио за едно 16-годишно момче Роберт, татко му Даме и мајка му Лидија. Родителите се многу загрижени затоа што од неодамна расположението на Роберт е сменето. Активноста е наречена "Не избрзувај со заклучоци" и е јасна сама по себе.

ПРВА СЦЕНА: [*Мајката и таткото разговараат за промената на расположението на Роберт*]

ТАТКОТО**:** Драга, се вратив.
МАЈКАТА**:** Здраво Даме. Како си?
ТАТКОТО**:** Може и подобро. Тие возачи со 'P' таблички може да истераат човек од кожата.
МАЈКАТА**:** Даме, јас си мислев...
ТАТКОТО**:** Да, ни треба нова кола, нели.
МАЈКАТА**:** [*Воздивнува*] Не, ова е важно.
ТАТКОТО**:** Што ти е на ум, маче?
МАЈКАТА**:** Нешто за Роби. Даме, навистина сум загрижена за него.
ТАТКОТО**:** На што мислиш, драга?
МАЈКАТА**:** Прво, тој го продаде својот велосипед. Потоа, базенот што го плативме ѓавол ипол. Тој веќе не влегува во него.
ТАТКОТО**:** Кога сме веќе на тоа, се сеќаваш ли на онаа маица Pearl Jam, која тој ја носеше дење-ноќе? Сега не ја ни погледнува. И не знам кој му е ѓавол среде лето да ги носи тие проклети џемпери!
МАЈКАТА**:** Можеби нешто крие од нас.
ТАТКОТО**:** На што мислиш?
МАЈКАТА**:** Мислам дека му треба помош. Не сакам ова да се претвори во нешто сериозно.

[*Freeze*]

ВТОРА СЦЕНА: [*Роберт и Сандра разговараат за дилемата на Роберт*]
РОБЕРТ: Ох, Сандра, старците ми се качија на глава. Мислам дека намирисаа нешто.
САНДРА: Зошто мислиш така?

РОБЕРТ: Постојано ме распрашуваат, те зошто ова, те зошто она. Зошто не се капам, зошто го продадов велосипедот... уф, баш ми фали велосипедот… и така до сто едно и назад.

САНДРА: Ти реков да не го правиш тоа. Знаеш дека не ми се допаѓа.

РОБЕРТ: Ооох, немој сега и тебе да те имам на врат. Веќе има доста такви што не ми даваат да дишам. [*Се оддалечува*]

САНДРА: [*Вика*] Ми се смачи од тие твои промени на расположението… Продолжи, тргнувај се. Го правиш токму тоа, постојано се оддалечуваш од сите твои проблеми.

РОБЕРТ: Извини, срце. Ќе помине.

САНДРА: Што ќе правиш сега, Роби?

[*Freeze*]

ТРЕТА СЦЕНА [*Таткото, Роберт и докторот во ординација*]

ДОКТОРОТ: [*Влегува во чекалната*] Влези, Даме.

ТАТКОТО**:** Роберт, почекај тука. Имам мал муабет со докторот.

ДОКТОРОТ: Што е проблемот?

ТАТКОТО**:** Докторе, се работи за син ми Роберт. Во последно време се однесува чудно. Го продаде велосипедот, значи мора да му требаа пари за нешто. Тој веќе не се капе во нашиот базен во дворот и постојано носи долги ракави среде лето. Ми се чини дека ме одбегнува.

ДОКТОРОТ: Па, звучи како користење дрога, можеби хероин. Тоа објаснува зошто му требаа пари од продажбата на велосипедот и што носи долги ракави за да не се гледаат трагите од инекциите.

ТАТКОТО**:** Што да правам, докторе?

ДОКТОРОТ: Прати ми го тука да направам муабет со него.

[*Таткото излегува и влегува Роберт*]

РОБЕРТ: Што се случува? Зошто сум тука?

ДОКТОРОТ: Роберт, татко ти ми рече дека во последно време чудно се однесуваш, па твоите родители се загрижени за тебе. Носиш џемпери среде лето и го продаде велосипедот. Тоа на татко ти му изгледа - а јас се согласувам со него - дека можеби си се сплеткал со дрога.

РОБЕРТ: [*Скокнува*] Што? Јас само се тетовирав и не сакав тато да дознае за тоа, зашто мислев дека ќе се разочара во мене. Зошто луѓето толку избрзуваат со заклучоци!

## **Коментари на ученикот/ученичката водител**

Може да прокоментирате дека луѓето треба да внимаваат да не прават претпоставки врз основа на дел од некоја приказна, а потоа на публиката да го поставите следното прашање:
Како ликовите во ова сценарио можеа поинаку да се справат со ситуацијата?

## АКТИВНОСТ 9 (20 минути)

# Квиз за дрогата – Разбивање на митови!

**Ученик/ученичка водител**: ____________________________

## Цел

- На учесниците да им се пренесат некои знаења за дрогата

## Упатства

- Ако користите форма на квиз, поверојатно е дека ќе привлечете родители доброволци ако:

  - ги групирате прашањата во блокови од по пет за секој натпреварувач, со лесно прашање за почеток.

  - постои можност публиката да им помага на натпреварувачите.

- Треба да обезбедите некои мали награди за победниците или за групата со најголем број поени итн.

## Опис на активноста

Квизот може да се спроведе на разни начини. Одберете го стилот што најмногу одговара на вашите цели и потоа одберете ги прашањата што би сакале да ги поставите. На нив учесниците може да одговараат поединечно или групно, или, ако сакате, може квизот да го водите како активност PowerPoint, користејќи ја формата на сегашната квиз програма. За таа цел, една верзија на квизот може да се најде на компакт дискот што е додаток на овој прирачник. Ученикот/ученичката водител ќе треба да напише вовед што ќе одговара на формата на квиз што тој/таа ќе ја одбере.

| ПРВ ДЕЛ ОД КВИЗОТ ЗА ДРОГАТА – УРИВАЊЕ НА МИТОВИ! |
|---|

**Заокружете го најточниот одговор:**

| | |
|---|---|
| **1. На што се однесува терминот "horse"?**<br>(а) Марихуана<br>(б) ЛСД<br>(в) Turf цигари<br>(г) Хероин | **2. Која година е произведено првото австралиско пиво?**<br>(а) 1949<br>(б) 1954<br>(в) 1959<br>(г) 1961 |
| **3. Што беше карактеристично за првата австралиска лименка пиво?**<br>(а) Беше во облик на кенгур<br>(б) Содржеше два галона<br>(в) Имаше капак на завртување<br>(г) Мораше да се отвора со отворач | **4. Амфетаминот влијае врз телото со тоа што:**<br>(а) Го забавува<br>(б) Предизвикува халуцинации<br>(в) Го забрзува<br>(г) Сето погоре наведено |
| **5. LSD може да предизвика:**<br>(а) намален крвен притисок<br>(б) бавен пулс<br>(в) лош здив<br>(г) брзо дишење | **6. Кафеинот не е присутен во:**<br>(а) чоколадото<br>(б) кафето<br>(в) таблетите за спиење<br>(г) чајот |
| **7. Во мали дози кафеинот:**<br>(а) ја намалува телесната температура<br>(б) предизвикува зголемено мочање<br>(в) предизвикува растење на мозолки<br>(г) го засилува растењето на влакна по телото | **8. Во 1945 година процентот на мажите што пушат приближно изнесуваше:**<br>(а) 20<br>(б) 40<br>(в) 70<br>(г) 90 |
| **9. Што од наведеново е точно?**<br>(а) Канабисот не влијае врз меморијата.<br>(б) Нормалните луѓе никогаш не реагираат на канабисот<br>(в) Големи дози канабис може да предизвикаат халуцинации<br>(г) Не може да се стане зависен од канабисот | **10. Колку време му треба на црниот дроб да го разложи алкохолот во еден стандарден пијалок?**<br>(а) 1 минута<br>(б) 1 час<br>(в) 1 ден<br>(г) 1 недела |

ВТОР ДЕЛ  ОД КВИЗОТ ЗА ДРОГАТА – УРИВАЊЕ НА МИТОВИ!

| | |
|---|---|
| **11. Што од наведеново е точно?**<br>(а) Средствата за смирување (tranquillisers) ја забрзуваат работата на централниот нервен систем<br>(б) Таблетите за спиење не се средства за смирување<br>(в) Средствата за смирување се користат за опуштање на мускулите.<br>(г) Средствата за смирување не создаваат зависност. | **12. Колку време му треба на никотинот за да почне да влијае врз мозокот по вовлекувањето на чад од цигара?**<br>(а) 30 секунди<br>(б) 2 секунди<br>(в) 7 секунди<br>(г) 2 минути |
| **13. Од која земја потекнува кафето?**<br>(а) Арабија<br>(б) Јамајка<br>(в) Ирска<br>(г) Бразил | **14. Амфетамините може да ги предизвикаат следните ефекти:**<br>(а) вознемиреност и проблеми со спиењето<br>(б) несоница<br>(в) забавена работа на срцето<br>(г) зголемен апетит |
| **15. Приближно колку лименки пиво поставени една до друга се потребни за да се направи непрекидна линија по Calder Highway од Bendigo до Mildura?**<br>(а) 30.000<br>(б) 300.000<br>(в) 3,000.000<br>(г) 30,000.000 | **16. Екстази е MDMA - кратенка за:**<br>(а) Methylenediozymethamphetamine<br>(б) Methylene<br>(в) Methyleamphetamine<br>(г) Methyladone |
| **17. Најсилната форма на канабис е:**<br>(а) марихуаната<br>(б) растението коноп<br>(в) хашишот<br>(д) масло од хашиш | **18. Алкохолот се смета за depressant затоа што:**<br>(а) станувате многу тажни<br>(б) ги забавува пораките што одат до и од мозокот<br>(в) станувате изморени и ви се спие<br>(г) може да ги заборавите работите што се случиле |

## КВИЗ ЗА ДРОГАТА – УРИВАЊЕ НА МИТОВИ! ОДГОВОРИ

| | |
|---|---|
| **1. На што се однесува терминот "horse"?**<br>(г) Хероин. | **2. Која година е произведено првото австралиско пиво?**<br>(в) 1959. |
| **3. Што беше карактеристично за првата австралиска лименка со пиво?**<br>(в) Имаше капак на завртување. | **4. Амфетаминот влијае врз телото со тоа што:**<br>(а) Го забрзува.<br>**5. LSD може да предизвика:**<br>(г) Брзо дишење.<br>**6. Кафеинот не е присутен во:**<br>(в) Таблетите за спиење<br>**7. Во мали дози кафеинот:**<br>(б) предизвикува зголемено мочање<br>**8. Во 1945 година процентот на мажите што пушат приближно изнесуваше:**<br>(в) 70.<br>**9. Што од наведенovo е точно?**<br>(в) Големи дози канабис може да предизвикаат халуцинации<br>**10. Колку време му треба на црниот дроб да го разложи алкохолот во еден стандарден пијалок?**<br>(б) 1 час. |
| **11. Што од наведеново е точно?**<br>(в) Средствата за смирување се користат за опуштање на мускулите. | **12. Колку време му треба на никотинот за да почне да влијае врз мозокот по вовлекувањето на чад од цигара?**<br>(в) 7 секунди. |
| **13. Од која земја потекнува кафето?**<br>(а) Арабија. | **14. Амфетамините може да ги предизвикаат следните ефекти:**<br>(а) вознемиреност и проблеми со спиењето |
| **15. Приближно колку лименки пиво поставени една до друга се потребни за да се направи непрекидна линија на Calder Highway од Bendigo до Mildura?**<br>(в) 3,000.000 | **16. Екстази е MDMA - кратенка за:**<br>(а) Methylenediozymethamphetamine. |
| **17. Најсилната форма на канабис е:**<br>(г) Масло од хашиш. | **18. Алкохолот се смета за depressant затоа што:**<br>(б) ги забавува пораките што одат до и од мозокот |
| **19. Еден од физичките ефекти на употребата на кокаин е:**<br>(в) Зголемена телесна температура. | **20. Кое од наведениве не е средство за смирување (tranquilliser)?**<br>(г) No-Doz. |



*ВОДЕЊЕ РАЗГОВОРИ*

УРИВАЊЕ НА МИТОВИ! ЛИСТ ЗА ОДГОВОРИ НА КВИЗОТ ЗА ДРОГАТА

ИМЕ НА ГРУПАТА ______________________________________________

| **ПРАШАЊЕ** | **ОДГОВОР** |
|---|---|
| 1. | |
| 2. | |
| 3. | |
| 4. | |
| 5. | |
| 6. | |
| 7. | |
| 8. | |
| 9. | |
| 10. | |
| 11. | |
| 12. | |
| 13. | |
| 14. | |
| 15. | |
| 16. | |
| 17. | |
| 18. | |
| 19. | |
| 20. | |



**Следните две активности - "Класификација на штетноста" и "Видови дрога" - се добри примери на активности кои може да се изведуваат во клас заради обезбедување информации и поттикнување на дискусија.**

## АКТИВНОСТ 10 ( 20 минути)

# Активност "Рангирање на штетноста"

**Ученик/ученичка водител**: ________________________________

## Цел

Да им се овозможи на учесниците да ги истражат сопствените лични вредности и однесување во поглед на користењето дрога, и да станат свесни за вредностите и однесувањето на други, особено од различни генерации.

## Упатства

- Не мора да се употребат сите приложени карти за ситуации и, ако сакате, може да направите ваши.
- Оваа активност може да се изведува на разни начини и зависи од големината на групата со која работите. Овде таа е опишана како активност на мала група, во која се вклучени сите учесници, но таа може да се изведува и со користење на извесен број доброволци кои се поставуваат во редица пред публиката.
- Таа е мошне корисна како активност во клас и учениците треба добро да ја увежбаат пред да ја изведат.
- Ученици може да бидат одговорни како помошници за мали групи, но корисно е да се ангажира некој учител/учителка за да се обезбеди дека дадените информации се точни и заради помош во водењето дискусија.
- Добро функционира група од осум до десет учесници.
- Вредноста на оваа активности е во дискусијата што се одвива, а не во тоа како ситуациите се рангирани.

## Опис на активноста

Секој добива најмалку по една карта на ситуација (зависно од големината на групата, бројот на картите на ситуација и времето на располагање) и треба да ја стави во низа од "најмалку штетна" до "најштетна". Тој или таа треба да и објасни на групата зошто го одбрал/одбрала тоа место во низата.
Кога сите ги ставиле своите карти, секој член на групата може да ги менува местата на картите во низата, под услов да даде оправдание за тоа.
Добар начин за завршување на активноста е споредувањето на трите најопасни и трите најмалку опасни, според оцената на секоја од групите. Често постои изненадувачки степен на сличност меѓу изборот на секоја од групите.

**АКТИВНОСТ 10 (20 минути)**

**Можен вовед**

| |
|---|
| Здраво, јас се викам……………………………. Сега ќе ја имаме активноста "Рангирање на штетноста". За учество во неа, треба да се поделите во групи од по околу осум. Секој од вас добива карта што ја поставува во низа од најмалку штетна до најштетна. Секој ја чита гласно својата ситуација и одлучува каде да ја постави во низата. Откако сите карти се поставени, секој од групата може да го смени нивниот редослед, ако даде оправдание за тоа. Ако треба, водачите на групите пак ќе ви ја објаснат активноста кога ќе се поделите по групи. |

**Ситуации**

| |
|---|
| ПРИФАЌАЊЕ ДА ТЕ ВОЗИ НЕКОЈ ШТО ПИЕЛ |

| |
|---|
| ПИЕЊЕ НА МАЛОЛЕТНИЦИ ВО ЈАВНИОТ СООБРАЌАЈ |

| |
|---|
| ДА СЕ БИДЕ ДРОГИРАН СЕКОЈ ДЕН |

| |
|---|
| ДА МУ ДАДЕШ НА НЕКОГО БИСКВИТ СО ХАШИШ, БЕЗ ДА МУ КАЖЕШ ШТО Е ТОА |

| |
|---|
| ДА ОДГЛЕДУВАШ 5 СТЕБЛА КАНАБИС ВО ТВОЈАТА ГРАДИНА |

| |
|---|
| ДА МУ ДОЗВОЛИШ НА ТВОЈОТ 12-ГОДИШЕН БРАТ ДА ПРОБА SPEED |

| |
|---|
| УПОТРЕБА НА ИСТА ИГЛА ПРИ КОРИСТЕЊЕ НЕЛЕГАЛНА ДРОГА |

| |
|---|
| ПУШЕЊЕ ЦИГАРА ЗАРАДИ СМИРУВАЊЕ НА НЕРВИ |

| |
|---|
| ПУШЕЊЕ "JOINT" НА ЗАБАВА |

ПИЕЊЕ СО РОДИТЕЛИТЕ ПУШЕЊЕ МАРИХУАНА ВО ШКОЛО

СНАБДУВАЊЕ СО SPEED НА СИТЕ ПРИЈАТЕЛИ НА ЗАБАВА

ЗЕМАЊЕ 3 ТАБЛЕТИ "ВАЛИУМ" СО ЧАША ВИНО

ЗЕМАЊЕ ЕДНА ТАБЛЕТА "ЕКСТАЗИ" ВО НОЌЕН КЛУБ

ДА ЗЕМЕШ ЕДНА  ТАБЛЕТА ЛСД ДОДЕКА СИ ДОМА

ЗЕМАЊЕ НЕПОЗНАТА ТАБЛЕТА ОД ПРИЈАТЕЛ КОЈ ТЕ УБЕДУВА ДА ПРОБАШ

ДА ГО ЗЕМЕШ ЛЕКОТ НА БАБА ТИ ОД НЕЈЗИНОТО ШКАФЧЕ

ДА СЕ ПРОБА КОКАИН ЗА ПРВ ПАТ

КОРИСТЕЊЕ НА АНАБОЛИЧНИ СТЕРОИДИ ЗАРАДИ ПОДОБРУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА МУСКУЛИТЕ

УПОТРЕБА НА ХЕРОИН ЗА ВРЕМЕ НА БРЕМЕНОСТ

УПОТРЕБА НА  "NO-DOZ" ЗА ДА ТЕ ОДРЖУВА БУДЕН/БУДНА ДОДЕКА УЧИШ

## АКТИВНОСТ 11 (20 минути)

# Видови дрога

(Од *Get Wise*: Primary Classroom Activity section)

**Ученик/ученичка водител**: ________________________________

## Цели

- Да се испитаат различните начини на класифицирање на droги.
- Да се разјаснат информациите за ефектите на дрогата.
- Да се нагласи пораката дека сите видови дрога може да предизвикаат штетни последици, зависно од личните фактори и од факторите на опкружувањето.

## Упатства

- Ова е многу корисна активност за користење како дел од процесот на обука, бидејќи дава значајни информации за дрогата. Не е важно ако одлучите да не ја спроведете во текот на вечерта.
- Учениците може да бидат во двојки со родителите, заради обезбедување поддршка и поттикнување на комуникација за време на активноста.
- Оваа активност подобро функционира ако учениците претходно ја вежбале.
- Оваа активност треба да има поддршка од член на персоналот со познавања на ова поле.
- Значките со името на дрогата може да бидат приспособени за користење со ученици во основни школи.

## Опис на активноста

- Водителот/водителката одбира 14 лица од групата и на секој/секоја му одредува по еден ученик/ученичка. Секоја таква двојка добива по една значка со име на еден вид дрога. (Ако нема 14 лица во групата, водителот/водителката работи со бројот што тој или таа го има и одбира соодветна значка.)
- Водителот/водителката одредува три места во просторот на располагање - левата страна на собата за одговорот "да", десната страна со одговорот "не" и средината на собата за одговорот "не сум сигурен/сигурна".
- Водителот/водителката гласно чита секој од ставовите наведени во продолжение. Откако секој став е прочитан, учесниците оценуваат дали нивниот одговор е "да", "не" или "не сум сигурен/сигурна", а потоа одат на одредените места.
- Водителот/водителката дозволува дискусија после секој потег, повикувајќи секој од учесниците да ја објасни својата одлука.
- По дискусијата, учесниците може да преминат на друго од одредените места, ако тој потег е оправдан.

## Друг начин

Значки со име на некој вид дрога може да бидат дадени на сите учесници и активноста да се спроведе на ист начин. Со тоа повеќе од едно лице или група ќе имаат иста значка. Ова обезбедува интересни дискусии, бидејќи луѓе со исти значки може да имаат различни реакции.

## АКТИВНОСТ 11 (20 минути)

## Можен вовед

Со оваа активност се истражува како видовите дрога може да бидат групирани на различни начини. Таа покажува како штетните дејства на некоја конкретна дрога може да бидат различни кај различни луѓе и зависат од ситуацијата во која дрогата се употребува. Кога ќе се прочита ставот, ти и твојот партнер треба да разговарате за вашиот одговор, а потоа да преминете во соодветниот дел од собата. Отидете на левата страна од собата ако вашиот одговор е "да", на десната страна од собата ако вашиот одговор е "не", или останете во средина ако не сте сигурни.

**(b)**

### Ставови

1. Ако мислите дека вашата дрога е:
   (а) лек, отидете на левата страна на собата
   (б) дрога што се користи за задоволство, отидете на десната страна на собата.
2. Ако мислите дека вашата дрога е:
   (а) легална или законска, отидете на левата страна на собата
   (б) нелегална или незаконска, отидете на десната страна на собата.
3. Ако мислите дека вашата дрога:
   (а) може да се купи без рецепта, отидете на левата страна на собата
   (б) треба да се има рецепта, отидете на десната страна на собата.
4. Ако мислите дека вашата дрога:
   (а) се употребува за да им помогне на луѓето да се справат со стрес или проблеми, отидете на левата страна на собата
   (б) не се употребува за да им помогне на луѓето со стрес или проблеми, отидете на десната страна на собата.
5. Ако мислите дека вашата дрога:
   (а) може да предизвика штета, отидете на левата страна на собата
   (б) не може да предизвика штета, отидете на десната страна на собата.

## Коментари на ученикот/ученичката водител

**После секој прочитан став, прашај ги учесниците**:
Зошто застана таму? *или* Зошто ја стави твојата карта таму?

**По дискусијата прашај ги учесниците**:
Дали некој сака да го смени местото? *или* Дали на некоја карта треба да и се смени местото?

Прашувај само по неколку учесници истовремено и имај предвид дека мислењата ќе се разликуваат зависно од поединечните гледишта и личните искуства.

Заврши ја активноста велејќи дека таа покажува оти дрогата може да влијае врз луѓето на начини кои може да бидат и корисни и штетни. Сите дроги може да предизвикаат штетни последици. Тоа зависи од тоа како се употребуваат и кој ги употребува.

**АКТИВНОСТ 11 (20 минути)**

ЗНАЧКИ СО ИМИЊА НА ДРОГА

| | |
|---|---|
| ХЕРОИН | МЕТАДОН |
| МАРИХУАНА | КАФЕ |
| ПАНАДОЛ | ЧОКОЛАДО |
| ШАМПАЊСКО | ВЕНТОЛИН |
| ЕКСТАЗИ | АНТИБИОТИЦИ |
| КОКАИН | АНАБОЛИЧНИ СТЕРОИДИ |
| ЛСД | ЦИГАРИ |